ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 7 ГОДИНА 32 ДАТА 08.04.2014 ГОДИНА

# *ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК*

## *НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*

***(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)***



# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК

## на Фудбалската федерација на Македонија

(пречистен текст)

Врз основа на Одлуката бр. 01-823/1-13 донесена од Генералното собрание на Фудбалската федерација на Македонија одржано на 22.03.2014 година а во согласност со член 43 став 1 алинеа г од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија се утврдува пречистен текст на :

# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК на ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА (пречистен текст)

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член1**

Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, (во понатамошен текст: ДП на ФФМ), ги пропишува дисциплинските прекршоци, видови на казни, субјекти на дисциплинска одговорност и постапката за казнување на фудбалски и стручни организации, нивните клубови и здруженија, сојузи, други нивни организации и органи, како и поединци кои ќе ги прекршат правилата на фудбалската игра и спортското однесување или ќе ги прекршат одредбите предвидени во Статутот и правилниците на ФФМ или на било кој друг начин ја нарушуваат дисциплината и му штетат на угледот на фудбалскиот спорт.

Во овој Правилник се утврдуваат посебни дисциплински правила за системот за лиценцирање на клубовите за натпреварувањата во организација на УЕФА.

Сите износи во натамошниот дел од текстот се изразени во евра и се наплатуваат во денарска противредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата.

### Цел на казнување

**Член 2**

Цел на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци.

### Одмерување на казна

**Член 3**

При одмерување на казната на сторителот на прекршокот мора да се земат во предвид сите олеснителни и отежителни околности кои постојат во конкретниот случај, особено: тежината на сторениот прекршок и неговите последици, степенот на одговорноста на сторителот, побудите од кои прекршокот е сторен, поранешното однесување, моралните особини и однесувањето на сторителот после сторениот дисциплински прекршок и мерки што ги презеле за обезбедување.

Временската казна за одредени утврдени прекршоци кои не се од потежок вид може да биде заменета со парична казна од 2 (два), до 10 (десет) пати поголема од предвидената парична казна за сторениот прекршок.

Доколку еден ист прекршок или сличен на него повеќе пати се повторува, паричната казна ќе се зголеми од 2 (два) до 10 (десет) пати од предвидената парична казна во соодветниот член.

Одлуката за замена на временската казна со парична казна ја носи Управниот одбор.

Кога се работи за сторител кој веќе бил казнуван два или повеќе пати за

прекршоци сторени со умисла, кога меѓу поранешната одлука и новата одлука за казна, не поминал подолг рок од една година и кога сторителот на прекршокот е склон на правење прекршоци, дисциплинскиот орган ја поострува казната и на сторителот му изрекува двојнопоголема казна од пропишаната без оглед на лимитот и ограничувањето предвидено во Д.П.

Дисциплинските органи може на сторителот - претходно неказнуван, по исклучок да му одмерат казна поблага од предвидената во овој правилник, кога ќе утврдат дека постојат особено олеснувачки околности кои укажуваат дека и со ублажената казна може да се постигне целта на казнувањето.

## Застареност

**Член 4**

Генерално против сторител на прекршок не може да се поведе постапка ниту да се изрече казна по изминување на 10 (десет) години од сторениот прекршок

Исклучок од став еден на овој член се:

- прекршоците направени за време на натпревар за кои не може да се води постапка и изрече казна по изминување на две години од сторениот прекршок.
- против прекршителите на анти-допинг правилата не може да води постапка и изрече казна по изминување на 8 (осум) години од сторениот прекршок

Дисциплинските прекршоци поврзани со недозволено влијание на тек и исход од натпревар не застаруваат.

## Сослушување

**Член 5**

Никој не може да биде казнет без претходно да биде сослушан.

Се смета дека некој е сослушан доколку на барање од надлежен орган достави своја изјава.

Ако сторителот на прекршокот одбие да биде сослушан или не достави писмена изјава во рокот определен од дисциплинскиот орган ќе се смета како да е сослушан.

Исклучок од став 1 од овој член се прави само во случај на автоматска казна.

**Член 6**

Правосилните одлуки се запишуваат во регистерот за казни кој го води дисциплинскиот орган.

Играчите на казнетиот клуб можат единствено да настапуваат како членови на Фудбалската репезентација на Македонија.

Казните на сторителите кои поседуваат легитимација се евидентираат во истите.

## Дејство на дисциплинските одлуки

**Член 7**

Одлуките на надлежните дисциплински органи на општинските фудбалски сојузи и регионите важат во рамките на ФФМ.

Одлуките на надлежните дисциплински органи на ФФМ важат во рамките на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

Одлуките на органите на клубовите важат и дејствуваат доколку истите се

потврдени од надлежните органи на ФФМ.

Одлука за казна што ќе ја изрече клуб дејствува само во рамките на клубот.

Одлуката за казна што ќе ја изрече клуб, за да има дејство во рамките на целата фудбалска организација, по спроведување на целата постапка треба да биде потврдена од Комисијата за жалби на ФФМ и важи од денот на потврдување на истата.

Потврдената одлука задолжително се објавува во „Макфудбал“.

Надлежниот орган, неможе да ја потврди казната што ја изрекол клубот, по завршувањето на последниот натпревар во иста натпреварувачка сезона.

**Член 8**

Сторителот на дисциплинскиот прекршок ќе биде казнет по одредбите на овој Правилник доколку прекршокот го сторил :

- со намера (умисла)
- од невнимание (небрежност)

Прекршокот е сторен со намера кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување или кога бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи последица, но се согласил со нејзиното настапување.

Прекршокот е сторен од невнимание кога сторителот бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи последица, но лекомислено сметал дека ќе може да ја спречи или дека таа нема да настапи или кога не бил свесен за можноста од настапување на последица, иако според околностите и според своите лични својства бил должен и можел да биде свесен за таа можност.

За сторителите кои сториле прекршок од невнимание (небрежност) може да им се изречат поблаги казни од предвидените за тој прекршок.

## Одговорност на клубовите за работата на функционерите

**Член 9**

За сите прекршоци што ќе ги сторат функционерите на клубот, службените лица на клубот, како и навивачите, одговорноста ја сносат клубовите.

## Непознавање на прописите

**Член 10**

Непознавањето на Статутот, Правилниците и останатите прописи на ФФМ никого не ослободуваат од одговорност.

## Казнување на обид

**Член 11**

Дисциплинскиот прекршок е во обид, кога сторителот со намера ја започнал или завршил прекршочната работа, а штетната последица не настапила.

Обидот се казнува само кај оние прекршоци за кои во Дисциплинскиот правилник на ФФМ е изрично одредено дека ќе се казнуваат за обид.

Сторителот на прекршокот кој останал во обид се казнува со казна што е пропишана за прекршок, а може да се изрече и поблага казна.

## Наведување и помагање
**Член 12**

Секој што ќе наведе друг на сторување на прекршок или му помогне на сторителот при сторување на прекршокот, ќе се казни како сторител на прекршокот, со тоа што може да му се изрече и поблага казна од пропишаната.

## Субјекти на дисциплинската одговорност
**Член 13**

Одредбите од овој Правилник ќе се применуваат :
- на играчи;
- на клубови и нивните екипи;
- службени лица на клубот;
- службени лица на натпревар;
- на функционери на клубовите, општински фудбалски сојузи, Федерацијата;
- судии и контролори-инструктори;
- делегати;
- тренери и
- други фудбалски работници
- гледачи.

Казната ќе се изрече без оглед на тоа дали сторителот на прекршокот во времето на изрекувањето на казната бил член на субјектите наведени во претходните алинеи од став 1 на овој член.

## Значење на изразите во овој Правилник
**Член 14**

(1) Под Општински фудбалски сојуз (скратен назив ОФС) - во рамките на овој правилник се подразбира правно лице, членка на ФФМ , регистрирана согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации како општински фудбалски сојуз, со решение за вршење на дејност спорт.

(2) Под клуб во рамките на овој правилник се подразбира правно лице регистрирано согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации или Законот за трговските друштва, член на определен општински фудбалски сојуз на кој територијално припаѓа, има решение за вршење на дејност спорт и учествува во системот на натпреварување на Фудбалската федерација на Македонија.

(3) Под екипа на клуб во рамките на овој правилник се подразбира сениорска, младинска, кадетска, пионерска или друга екипа на фудбалскиот клуб која учествува во системот на натпреварување на Фудбалската федерација на Македонија без оглед на фудбалската категорија.

(4) Под играч во рамките на овој правилник се подразбира регистриран фудбалер согласно одредбите од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, без оглед на полот, категоријата на фудбалска игра во која учествува и статусот под кој настапува.

(5) Под функционер во рамките на овој правилник се подразбира лице кое активно учествува во работата на органите на клубот, општинскиот фудбалски сојуз, здружение на фудбалски чинители, Фудбалска федерација на Македонија како и раководните лица на клубот, општинскиот фудбалски сојуз, здружение на фудбалски

чинители.

(6) Под член на организација во рамките на овој правилник се подразбира секое лице кое како член на одредена фудбалска организација има обврска да плаќа членарина во рамки на таа организација.

(7) Под фудбалска организација во рамките на овој правилник се подразбира клуб - член на општински фудбалски сојуз, општински фудбалски сојуз - членка на Фудбалската федерација на Македонија, Фудбалската федерација на Македонија (скратен назив ФФМ), здруженија на организации на фудбалски чинители – членки на ФФМ, УЕФА (Сојуз на европски фубалски асоцијации), ФИФА (федерација на меѓународни фудбалски асоцијации).

(8) Под службено лице на клуб во рамките на овој правилник се подразбира лице ангажирано од клубот за подготовка и реализација на фудбалскиот натпревар внесено во записникот на натпреварот (претставник на клубот, тренер, лекар, физиотерапевт, комесар за безбедност, записничар, економ и др.)

(9) Под службено лице на натпревар во рамките на овој правилник се подразбира лице делегирано од надлежен орган за натпреварување и судење во соодветниот степен на натпреварување.

(10)Под тренер во рамките на овој правилник се подразбира член на тренерската организација - членка на ФФМ која може да делува и локално во рамките на ОФС

(11)Под судија во рамките на овој правилник се подразбира член на судиска организација - членка на ФФМ која може да делува и локално во рамките на ОФС а во која како член активно се бави со судење, ги остварува своите права и обврски.

(12)Под инструктор - контролор во рамките на овој правилник се подразбира член на судиска организација членка на ФФМ која може да делува и локално во рамките на ОФС а во која како член кој по завршување со активно судење е преведен во инструктор, ги остварува своите права и обврски.

(13)Под делегат на натпревар во рамките на овој правилник се подразбира предложениот кандидат за делегат на натпревари усвоен на делегатска листа од страна на извршниот орган надлежен за предметниот степен на натпреварување.

(14)Под делегат на Собрание во рамките на овој правилник се подразбира претставник на собранието на клубот во собранието на ОФС; претставник на собранието на ОФС, односно претставник на фудбалски чинители во Собранието на ФФМ, избран и верификуван согласно предвидена постапка за избор, верификуван во постапка пропишана со статутот на соодветната фудбалска заедница.

(15) Под фудбалски работник во рамките на овој правилник се подразбира физичко лице активно вклучено во структурата на фудбалската организација, а кое не е опфатено со дефинираните изрази на овој член.

(16)Под временска казна во рамките на овој правилник се подразбира казна изречена согласно одредбите на овој правилник со определено времетраење.

(17)Под негативни бодови во рамките на овој правилник се подразбира одземање на бодови од наредното првенство.

## I. КАЗНИ

### Член 15

За секој прекршок кој исклучиво не е предвиден со овој Правилник, а претставува повреда на Статутот и правилниците на ФФМ или ги надминува вообичаените рамки и дозволените општествени и спортски работи, а кои по своите карактеристики одговараат

на некои од прекршоците содржани во овој Правилник, сторителот ќе се казни со соодветна казна предвидена за сличен случај.

## Видови на казни

**Член 16**

Дисциплинските органи за сторен прекршок предвиден со овој правилник може да ги изречат следните казни :

- опомена
- парична казна
- временска казна
- службен резултат (3: 0 освен во случај кога на терен е постигнат подобар резултат)
- одземање бодови
- исклучување од клуб
- исклучување од фудбалска организација
- исклучување од лига и враќање во понизок степен на натпреварување, односно елиминирање од понатамошно куп натпреварување
- забрана на вршење на должност делегат на собрание

Опомена се изрекува за прекршоци кои се сторени под олеснителни околности, поради што истите ги прават посебно лесни.

Парична казна се изрекува во евра, а се пресметува по среден курс на НБРМ на денот на уплата. Висината на паричната казна, дисциплинскиот орган ја одмерува во рамки на предвидените казни во овој правилник. Против автоматската парична казна изречена од Комисијата за натпревари или Дисциплинската комисија не може да се изјави жалба.

Временска казна може да биде:

- забрана на настап;
- забрана за пристап до соблекувални и или резервна клупа
- забрана за пристап на стадион
- доживотна забрана на настап;
- забрана на вршење на функција на одредено време;
- забрана на одигрување на натпревар на одреден терен;
- одигрување на одреден број натпревари без присуство на гледачи;

Казната одземање бодови, дисциплинскиот орган може да ја изрече со:

- одземање на бодови од тековното бодовно салдо, односно од освоените или бодови кои клубот ќе ги освои во тековното првенство
- забрана за вршење трансфер на фудбалер
- одземање на бодови од наредното првенство (негативни бодови).

Во исто време и за ист прекршок може да се изречат кумулативно повеќе казни предвидени во овој член и другите оредби на овој правилник.

**Член 17**

Казните можат да бидат изречени на сите субјекти во фудбалската организација без разлика на степенот и рангот во кој се врши должноста.

На играчи можат да им се изречат следните казни:

а) опомена;

б) парична казна;

в) забрана на настап за одредено време;

г) доживотна забрана на настап;

д) забрана на настап на одреден број првенствени или куп натпревари;

ѓ) исклучување од клуб;

е) исклучување од фудбалска организација.

На функционери можат да им се изречат следните казни:

а) опомена;

б) парична казна;

в) забрана на вршење функција на одредено време;

г) сменување од функција;

г) исклучување од клуб, раководство, фудбалска организација.

На тренери можат да им се изречат следните казни:

а) опомена;

б) парична казна;

в) забрана за вршење функција;

г) исклучување од фудбалска организација.

На судии можат да им се изречат следните казни:

а) опомена;

б) парична казна;

в) забрана на судење;

г) бришење од судиска листа;

д) исклучување од фудбалска организација.

На инструктори-контролори можат да им се изречат следните казни;

а) опомена;

б) парична казна;

в) забрана за вршење функција;

г) бришење од контролорска листа;

д) исклучување од фудбалска организација.

На делегати на натпревари можат да им се изречат следните казни:

а) опомена;

б) парична казна;

в) забрана за вршење функција;

г) бришење од листа на делегати

д) исклучување од фудбалска организација

На делегат на собрание за прекршок предвиден во овој Правилник на кој му е изречена дисциплинска казна забрана за вршење функција, односно забрана за вршење должност во траење подолго од шест месеци му престанува мандатот делегат на Собрание, согласно одредбите на Статутот.

На клубови и екипи на клубови можат да им се изречат следните казни:

а) опомена;

б) парична казна;

в) забрана на одигрување на натпревари во странство;

г) забрана на одигрување на натпревари на одреден терен или на сите терени во одреден регион;

д) одземање бодови од тековно првенство;

ѓ) негативни бодови;

е) дисквалификација од натпревари;

ж) враќање во понизок степен на натпреварување, односно враќање во најнизок степен на натпреварување;

з) елиминирање од куп натпреварување;

ѕ) одигрување на натпревари без присуство на гледачи;
и) забрана за вршење трансфер на фудбалери
ј) казни предвидени во каталог на санкции, одобрен од Управниот одбор на ФФМ, за клубови учесници во постапка за лиценцирање согласно правилниците за лиценцирање.

За ист прекршок можат да се изречат повеќе казни и на повеќе субјекти.

**Член 17 а**

Надлежниот дисциплински орган при изрекување на подолу наведените дисциплински мерки земајќи го во предвид дотогашното однесување на сторителот може да предвиди дел од изречената казна условно да биде издржуван доколку изречената мерка не надминува 6(шест) натпревари односно 6 (шест) месеци :

- забрана на настап на одреден број натпревари
- забрана за пристап до соблекувални и или резервна клупа
- забрана за одигрување на одреден број натпревари без присуство на гледачи
- забрана за одигрување на одреден број натпревари на одреден терен(одигрување на натпревар на неутрален терен)
- забрана за вршење функција на одредено време

Условно изречениот дел од казната не може да изнесува повеќе од половина од времетраењето на изречената дисциплинска мерка

Условниот период може да изнесува од 6 (шест) месеци до 2(две) години.

Доколку за време на условниот период субјектот на дисциплинска одговорност стори било каков дисциплински прекршок, автоматски се активира делот од изречената казна кој бил условен.

Активирањето на условениот дел од изречената казна се евидентира во одлуката со која се изрекува дисциплинската мерка за новиот прекршок.

Одредбите од овој член не се применуваат при изрекување на дисциплински мерки за прекршување на анти-допинг правилата.

## Парична казна
**Член 18**

Автоматските парични казни за играчите и службените лица на клубовите ги изрекува Комисијата за натпревари согласно Правилникот за натпревари. Рокот за уплата на автоматските казни е 10 (десет) дена од одигрување на натпреварот.

Казната за играчот , функционерот,службеното лице на клубот, како и паричните казни изречени на другите субјекти на дисциплинска одговорност во постапка мора да се уплатат во рок од 15 (петнаесет) дена од правосилност на одлуката.

За уплата на паричните казни изречени на играчите, функционерите, службените лица на клубот и клубот, се задолжува клубот кој понатаму со свој правилник го регулира начинот на рефундирање во рамките на клубот.

Клуб кој нема да ја уплати автоматската казна од став 1 на овој член во утврдениот рок се суспендира а наредниот натпревар кој треба да го одигра го губи по службена должност согласно прописите на ФФМ.

Суспензијата од став 4 по доставување на доказ за извршена уплата до Дисциплинската комисија, комисијата задолжително ја укинува (со денот на уплата).

Делегат или контролор за кој во постапка се утврди, дека вршел притисок на судиите за исход од натпреварот, прикривал дека натпреварот е договорен и друго, покрај дисциплинската одговорност ќе се казни и со парична казна согласно член 76 и 78 од овој

правилник

Доколку делегатот или контролорот не ја уплатат изречената парична казна во рок од 15 (петнаесет) дена од правосилност на одлуката истите нема да бидат делегирани до крајот на натпреварувачката година.

Доколку делегатот или контролорот не ја уплатат изречената парична казна и по завршување на тековната натпреварувачка година истите нема да се земат во предвид при изготвување на односните листи за наредното првенство.

Паричните казни предвидени во овој Правилник за ранг на натпреварување од трета лига ќе се применуваат за прекршоци сторени од субјектите на дисциплинска одговорност кои се активни и учествуваат во категориите женски фудбал и мал фудбал.

**Член 19**

Паричните казни изречени на клубот, се уплатуваат во корист на Фондот за унапредување на младинскиот фудбал на односниот ОФС, односно ФФМ.

## Временски казни

## Забрана на настап

**Член 20**

Казната забрана на настап може да биде временска или за одреден број на натпревари.

Казната забрана на настап не може да биде помала од еден месец, ниту поголема од две години а казната забрана на настап на одреден број на натпревари не може да биде поголема од 12 првенствени и куп натпревари.

Играчот казнет со забрана на настап на одредено време нема право на настап на јавни натпревари за времето додека трае казната. Играч казнет со забрана на настап на одреден број првенствени и куп натпревари нема право на настап само на оние натпревари кои ги содржи казната.

Казната забрана на настап на одреден број на првенствени и куп натпревари може да се изрече само за прекршоци сторени на натпревари и во случај кога дисциплинскиот орган ќе утврди дека за сторениот прекршок одговара казната забрана на настап најмногу до шест месеци. Во тој случај казната забрана на настап на одредено време, може да се замени со замена на одигрување на одреден број првенствени и куп натпревари, подразбирајќи така што на забраната на настап во траење од шест месеци и одговара забраната на настап на 12 првенствени или куп натпревари.

Под куп натпревари во смисла на овој Правилник се подразбираат натпреварите во сите категории за кои е организирано куп натпреварување.

Начинот на извршувањето и пресметувањето на овој вид на казна е регулиран во член 21 од овој Правилник.

Казната забрана на настап повлекува и забрана на вршење на функција и обратно.

**Член 21**

Казната забрана на настап на одреден број првенствени и куп натпревари играчот ја издржува доколку казната ја изрекол орган на ОФС, орган на трета регионална лига и ФФМ.

Ако станува збор за играч кој истовремено настапува и за екипа од повозрасна категорија, казната му се пресметува според категоријата на екипата во која настапувал кога го сторил прекршокот со тоа што за времетраењето на казната нема право на настап за ниедна категорија во клубот.

Доколку играчот од младинска категорија добие казна забрана на настап на одреден број натпревари, а истата немало услови да ја издржи во тековната натпреварувачка година, казната ја издржува во сениорската екипа под услов натпреварувањето во младинска категорија да е завршено.

За потешки случаи каде што е изречена казна забрана на настап на поголем број на натпревари согласно претходниот став, казната се издржува последователно.

Ако играчот во текот на издржувањето на казната помине во друг клуб, издржувањето на казната продолжува во новиот клуб.

Ако до први јануари во годината во која играчот пионер го губи правото на настап за пионерската екипа, односно играч кадет или младинец за кадетската, односно младинска екипа, а казната не ја издржал во целост, остатокот ќе го издржува од први јануари во екипата на повозрасната категорија.

## Автоматска казна забрана на настап (јавна опомена)

### Член 22

Играчот после секоја петта судиска јавна опомена, автоматската казна забрана на настап ќе ја издржува на првиот следен првенствен натпревар.

Јавните опомени од едната, не се пренесуваат во другата натпреварувачка година, за куп и првенство.

При добивање на (опомена) жолт картон на еден натпревар, кој на играчот последователно му е петти, а во истиот натпревар играчот добие и црвен картон [1], играчот мора прво да ја издржи казната која ќе му биде изречена како резултат на добиениот црвен картон, а потоа ја издржува казната од еден натпревар за добиениот петти жолт картон последователно.

Доколку играчот добие петти жолт картон последователно во последното коло, тогаш жолтите картони односно јавните опомени се бришат за новото првенство, но важат за евентуално одигрување на бараж, квалификации и други натпревари во тековната натпреварувачка сезона.

Индиректно добиениот црвен картон на еден натпревар (поради втор жолт картон) ги апсорбира и двата жолти картони и за истите не се води евиденција.

Ако станува збор за играч кој истовремено настапува за повеќе од една екипа на клубот, автоматската казна забрана на настап ќе се евидентира само во екипата во која казната ја добил.

За време на одржување на автоматската казна забрана на настап,[2] играчот нема право на настап во ниедна од категориите за кои настапува.

Ако играчот ја надрасне категоријата казната ќе ја издржува во екипата од наредната категорија.

Автоматската казна од став 1 на овој член, автоматски престанува по првенствениот или куп натпревар, на кој играчот мора да паузира и во случај кога играчот настапува под автоматска казна на тој натпревар.

---

[1] технички се бришат зборовите во заградата (без разлика дали тоа е директен или како последица на втор жолт картон)

[2] технички се бришат зборовите „ согласно став 7 од овој член" поради измена односно бришење на претходен став

Настапот на играч под автоматска казна е дисциплински прекршок за кој се земаат на одговорност: играчот, одговорниот функционер на клубот и клубот.

Ако играч под автоматска казна забрана на настап мине во друг клуб од ист ранг на натпреварување, истата ќе ја издржува во тој клуб.

Клубовите се должни да водат евиденција за опоменатите играчи.

Дисциплинските органи исто така водат евиденција за опоменатите играчи, ги објавуваат во службено соопштение и го контролираат спроведувањето на автоматската казна.

**Член 23**

Автоматската казна забрана на настап на еден првенствен или куп натпревар, играчот не ја издржал, ако неговата екипа натпреварот го предала без борба (службено), како и кога не настапил на натпревар кој е прекинат пред истекот на најмалку 80% од времето кое е предвидено со Правилата за фудбалска игра за тој натпревар.

Играчот на екипата која го добила натпреварот без борба (службено), ја издржал автоматската казна забрана на настап еден првенствен или куп натпревар.

**Член 24**

Играч кој ќе добие  три јавни опомени на Куп натпревар, издржува автоматска казна забрана на играње на еден натпревар само на првиот нареден куп натпревар.

## Забрана за вршење на функција на одредено време

**Член 25**

Казната забрана на вршење на функција на одредено време не може да биде помала од еден месец ниту поголема од две години, а се изрекува во полни месеци и години.

Лицето казнето со овој вид казна не може да ја обавува функцијата во фудбалската организација.

Казната забрана на вршење на функција значи и забрана на настап.

## Забрана на одигрување натпревари на одреден терен

**Член 26**

Казната забрана на одигрување на натпревари на одреден терен не може да биде помала од два натпревари ниту поголема од една година.

Наместо забраната на одигрување на натпревари на одреден терен или игралишта во одреден регион во траење на три месеци, може да се изрече забрана на одигрување на одреден број натпревари, при што забраната на одигрување во траење од еден месец повлекува забрана на одигрување на два натпревари.

Дисциплинскиот орган со своја одлука го одредува регионот на кој се применува забраната, теренот на кој е настанат инцидентот или терените кои се наоѓаат на територијата на односната општина, градот или терените оддалечени од местото на прекршокот, одреден број на километри.

## Одигрување на натпревар без присуство на гледачи

**Член 27**

Казната одигрување на натпревар без присуство на гледачи се применува кога дисциплинскиот орган поради направен прекршок изрекол казна одигрување на натпревари без присуство на гледачи без оглед на местото на одигрување.

## Одземање бодови и негативни бодови

**Член 28**

Казната одземање бодови може да изнесува најмалку 3 (три) бода а најмногу 9 (девет) бода.

Клубот казнет со оваа казна губи одреден број бодови од освоените бодови до изрекувањето на казната. Доколку клубот до изрекувањето на оваа казна не освоил доволен број бодови, казната, за да се примени, овие бодови ќе се одземат од оние што клубот ќе ги освои до крајот на тековната натпреварувачка година. Ако ни до тогаш не освоил доволен број на бодови, тогаш остатокот од неизвршената казна ќе се пренесе во наредната натреварувачка година.

Казната одземање бодови се однесува на екипа која предизвикала донесување на таква казна.

Казната одземање бодови и негативни бодови се применува само за прекршоци кои изрично се наведени во посебниот дел на овој Правилник и тоа во прв ред се применуваат казните одземање бодови. Во посебни случаи доколку казната одземање бодови, со оглед на постигнатиот пласман на табелата не ја постигне целта на казнувањето, ќе се изрече казна негативни бодови и за наредното првенство.

Казната одземање бодови и казната негативни бодови се применуваат само во редовно првенство, кое се игра по бод систем, а не и на квалификациони натпревари кои се играат по бод или куп систем .

Покрај казната одземање бодови на клубот му се изрекува и парична казна и тоа:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 5000 |
| Втора лига | 2500 |
| Трета лига | 500 |

Клубот казната мора да ја плати во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката, во спротивно клубот неможе да ги игра натамошните натпревари.

## Казнување на клуб и неговите екипи

**Член 29**

Казната на клубот може да се однесува на целиот клуб, заедно со сите екипи или на одредена екипа, (сениорска, пионерска, итн), која го сторила прекршокот а што дисциплинскиот орган го утврдува со Одлука.

Клубот одговара за однесувањето на своите навивачи.

Кога екипата е казнета по овој Правилник, тогаш се однесува на онаа екипа која

настапила кога е сторен прекршокот.

## Исклучување од лига и враќање во понизок степен на натпреварување

**Член 30**

Казната исклучување од лига и враќање во понизок степен на натпреварување е најтешка дисциплинска казна која може да му се изрече на клуб, а подразбира враќање во првиот нареден понизок степен на натпреварување.

Казната исклучување од лига и враќање во понизок степен на натпреварување се извршува по правосилноста на одлуката. Ако натпреварувањето е во тек казнетиот клуб - екипа останува надвор од натпреварувањето до наредната натпреварувачка година.

## Исклучување од клуб

**Член 31**

Играч или функционер, казнет со исклучување од клуб, го губи својството на член на клубот и во име на тој клуб не може да настапува во врска со фудбалскиот спорт.

Одлуката за исклучување од клуб ја донесува дисциплинскиот орган на клубот.

## Исклучување од фудбалската организација

**Член 32**

Казната исклучување од фудбалска организација се изрекува за изразито тешки дисциплински прекршоци предвидени со овој Правилник.

Сторителот казнет со овој вид казна неможе да обавува никаква функција во фудбалскиот спорт.

Кога оваа казна е изречена од страна на дисциплински орган на членка на ФФМ, за истото се известува Управниот одбор на ФФМ.

На сторителот на кого му е изречена казна исклучување од фудбалската организација му се изрекува и парична казна во висина до 5000.

# II. ПРЕКРШОЦИ

## Прекршоци на меѓународни натпревари

**Член 33**

Играч исклучен на натпревар кој се игра во рамките на меѓународно натпреварување, одговара според прописите на меѓународната организација која го спроведува натпреварувањето или по пријава пред дисциплинскиот орган на ФФМ.

Играчот од став 1 доколку со посебна одлука од дисциплинскиот орган не е суспендиран или казнет, има право на настап на пријателски, куп и првенствени натпревари во организација на ФФМ.

За прекршок кој играчот, функционерот, клубот,тренерот или судијата ќе го сторат на пријателски меѓународен натпревар во земјата и странство, дисциплински мерки изрекува дисциплинската комисија на ФФМ.

## Јавна опомена

**Член 34**

Под јавна опомена во смисла на овој правилник се подразбираат сите јавни опомени кои судијата применувајќи ги правилата на фудбалската игра ги изрекува на играчите и резервните играчи што настапуваат, а се запишани во записникот од натпреварот од првата до последната минута на натпреварот одигран во полно траење (вклучувајќи ги и продолженијата и изведувањето пенали), или прекинати пред истекот на времето предвидено со правилата на фудбалската игра.

Судијата е должен на делегатот на натпреварот да му ја пријави секоја јавна опомена што ја изрекол на натпреварот и делегатот да ги внесе во записникот од натпреварот, а ако тоа се пропушти, јавните опомени по спроведената постапка ќе ги евидентира надлежниот натпреварувачки орган.

Откако по спроведувањето на постапката јавната опомена се евидентира согласно претходниот став ќе се смета дека истата била запишана во моментот на составување на записникот.

Одговорните лица - судијата, делегатот, овластените претставници на клубовите, и нивните клубови, поради прекршокот од став 3 (три) ќе се земат на дисциплинска одговорност по одредбите на овој правилник.

Казните утврдени за неиграње на првенствени и куп натпревари, важат за соодветниот степен каде настапува клубот.

Доколку играчот премине од еден во друг клуб кој се натпреварува во друг степен на натпреварување жолтите картони се бришат.

## Неспортско, дискриминаторско однесување и презир

**Член 35**

Кој неспортски се однесува кон играч од својата или противничката екипа, судија, функционер на фудбалска организација и гледачите пред натпреварот, за време на натпреварот, по натпреварот, на игралиште или надвор од него, а во врска со фудбалскиот спорт ќе се казни со:

- опомена,
- забрана на настап од 1 (еден) до 2 (два) натпревари,
- забрана на вршење на функција од 1 (еден) до 4 (четири) месеци.

Под неспортско однесување се подразбираат : пцовки, непристојни гестикулации, приговарање и спротивставување на одлуките на судијата, наредбите од раководствата на фудбалските организации и функционерите кои обавуваат одредена должност, како и провоцирање на играчи од својата и противничка екипа, функционери и гледачи со зборови, движења и гестови како и сите други работи кои можат да му наштетат на угледот на фудбалскиот спорт.

**Член 36**

Тој што пред, за време или по натпреварот изложува пароли кои што носат дискриминаторски слогани, јавно потценува, омаловажува, дискриминира или деградира некого во клеветнички манир врз основа на пол, раса, боја, јазик, религија или етничко потекло или врши било кој вид на дискриминаторски или друг акт на презир кон играч од својата или противничката екипа, судија, функционер, раководство на фудбалски организации и гледачи пред, за време или по натреварот ќе се казни во согласност со овој правилник, сите форми на идеолошка, политичка и верска пропаганда се забранети.

Ако прекршот од став 1 го стори гледач, а не може да бидат идентификуван како подржувач на еден или друг клуб, домашниот клуб ќе биде казнет согласно овој правилник.

Ако прекршокот од став 1 биде сторен од гледач за кој ќе се утврди дека е подржувач на одреден клуб, клубот ќе биде казнет согласно овој правилник.

Ако прекршокот од став 1 на овој член го стори играч, официјален претставник на клубот, односно функционер или друго службено лице покрај клубот ќе биде казнет и сторителот согласно овој правилник.

**Член 37**

На гледач кој ќе стори прекршок од член 36 од овој Правилник ќе му биде забранет влезот на било кој стадион за најмалку 2 години.

**Член 38**

За прекршок од член 36 став 2, став 3 клубот ќе биде казнет со:

- Парична казна во висина од 2500 до 5000.

За посериозен престап , на клубот покрај паричната казна од став 1 ќе му биде изречена и дополнителна дисциплинска мерка - следниот официјален натпревар да го игра без гледачи,службено да го изгуби натпреварот, одземање на бодови , враќање во понизок ранг.

Клубот ќе ги сноси трошоците за повторно одигрување на натпреварот кој бил прекинат пред да измине 80% од натпреварот поради прекршоците предвидени од член 36 став 1.

**Член 39**

Клубот чиј играч или официјален претставник , односно функционер или друго службено лице стори прекршок од член 36 став 4 ќе биде казнет со:

- Парична казна во висина од 5000.

Ако како сторители на овој прекршок се јават повеќе играчи односно службени лица од став 1 или има други отежнителни околности клубот се казнува со одземање на 3 бода при прв престап, со одземање на 6 бода од бодовното салдо при втор престап.

Во случај клубот да нема освоено доволно бодови, се изрекува дисциплинска мерка одземање на негативни бодови – за куп натпреварување дисквалификација.

За нареден престап клубот се казнува со враќање во понизок степен на натпреварување

Играчот кој ќе стори прекршок од член 36 став 4 ќе биде казнет со забрана на настап од најмалку 5 првенствени или куп натпревари што вклучува и забрана за пристап на стадион.

Официјален претставник на клубот односно функционери или друго службено лице кој ќе стори прекршок од член 36 став 4 ќе биде казнет со забрана на вршење функција од најмалку 2 месеци што вклучува и забрана за пристап на стадион.

## Груба игра

### Член 40

Под груба игра се подразбира недозволено играње спротивно на постоечките правила на фудбалската игра, доаѓање во непосреден контакт со противничките играчи, како и старт со двете нозе, подметнување ѓон, нанесување повреди на противникот, односно пречекорување на самозаштитата и слично.

Играч кој грубо игра ќе се казни со забрана играње од 2 (два) до 4 (четири) натпревари.

## Особено груба игра

### Член 41

Под особено груба игра се подразбира таква игра кај која како последица настанува или би можело да настане трајно или за подолго време онеспособување на противничкиот играч.

Кој игра особено грубо и при тоа не му нанесе повреда на противничкиот играч ќе се казни со забрана на играње од 3 (три) - 6 (шест) натпревари.

Кој игра особено грубо и притоа го повреди противничкиот играч ќе се казни со забрана на настап од 6 месеци до 2 години и парична казна од 2.500.

### Член 42

За удирање на свој или противнички играч кој е во посед на топка се изрекува казна од 4 до 6 натпревари, а во потежок случај од 2 месеци до 6 месеци.

За удирање на свој или противнички играч без посед на топка се изрекува казна од 5 до 10 натпревари, а во потежок случај од 4 месеци до 1 година.

Обидот за удирање на играч се казнува.

## Физички напад

### Член 43

Играч кој физички ќе нападне свој или противнички играч за време на натпревар на терен или надвор од терен, а во врска со фудбалскиот спорт ќе се казни:

- забрана на играње во траење од 3 (три) месеци до 1 (една) година.

Во потежок случај кога ќе се утврди дека играчот нанел или имал намера да нанесе потешка повреда, ќе се казни со:

- забрана на играње во траење од 6 (шест) месеци до 2 (две) години или
- исклучување од фудбалска организација

Обидот за физички напад на играч се казнува.

**Член 44**

Играч кој физички ќе нападне судија на терен или надвор од теренот во врска со фудбалскиот спорт, ќе се казни со:

- забрана на играње во траење од една година до две години или
- исклучување од фудбалска организација.

Обидот за физички напад на судија се казнува.

**Член 45**

Играч кој физички нападне функционер на фудбалска организација или службено лице за време или во врска со вршењето на функцијата, ќе се казни по одредбите на член 44 од овој Правилник.

**Член 46**

Играч кој физички нападне гледач за време на игра или по завршување на натпревар ќе се казни со забрана на играње од една година.

Обидот за физички напад на гледач се казнува.

**Член 47**

Фудбалски работник кој физички нападне играч или гледач ќе се казни со забрана на вршење функција од шест месеци до една година.

Фудбалски работник кој физички ќе нападне функционер на фудбалска организација, службено лице на натпревар ќе се казни со забрана на вршење на функција во траење од 1 до 2 години

Во потежок случај од ставот 2 сторителот ќе се казни со исклучување од фудбалска организација како и со парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 100 |

Обидот се казнува.

## Слаба организација, неред и прекин на натпревар

**Член 48**

Клуб кој не организира натпревар во согласност со прописите, не одреди редари или одреди во недоволен број ќе се казни :

- со одигрување од 2 до 6 натпревари без присуство на гледачи (куп и првенствени) и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |

| | |
|---|---|
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 100 |

Младите категории соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 100 до 200.

**Член 49**

За присуство на неслужбено лице во службените проостории, клубот организатор на натпреварот, се казнува со парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 500 |
| Втора лига | 250 |
| Трета лига | 50 |

Клубот е должен јасно и еднолично да ги обележи фоторепортерите, новинарите и редарите, кои треба да поседуваат специјални пропусници од ФФМ.

Клубот може да одреди најмногу 8 пионери за фаќање на топки кои мора да носат идентична спортска опрема. Клубот мора да обезбеди прегледни, безбедни и погодни за комуникација места за новинарите.

Младите категории соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 50 до 150.

**Член 50**

Со парична казна ќе се казни екипа која недоволно видливо го обележила игралиштето односно головите и линиите и тоа:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 100 |
| Втора лига | 50 |
| Трета лига | 25 |

Младите категории соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 25 до 50.

Судијата и делегатот мора да го констатираат тоа во записникот.

**Член 51**

Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи (навивачи), функционери и службени лица на клубот, било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување.

Клубот организатор на натпревар без разлика дали е сопственик или корисник на теренот, доколку настанат нереди во периодот пред, за време или по натпреварот се казнува со:

- забрана на одигрување од 2 (два) до 12 (дванаесет) натпревари на свој терен
- одигрување од 2 (два) до 12 (дванаест) натпревари без присуство на гледачи

- парична казна и тоа:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 5000 |
| Втора лига | 2500 |
| Трета лига | 1000 |

Младите категории соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 200 до 500.

Клубот гостин за однесувањето на своите навивачи се казнува согласно став 2 алинеа 2 односно 3 од овој член.

Физички напад врз учесниците во играта (играчи, резервни играчи, стручни, технички и службени лица, судии и делегат) од страна на гледач,функционер на клубот,службено лице на клубот е казниво согласно став 2 од овој член и претставува отежнителна околност на став 1 од овој член.

За секое поединечно фрлање пиротехничко средство, пластични шишиња, фудбалски топки и сл. клубот се казнува со 150.

**Член 52**

Органот што раководи со натпреварувањето може да го суспендира теренот за играње на натпревари на клубот од член 51 на овој правилник, за времетраење на постапката до донесувањето на конечна одлука, притоа водејќи сметка дека постапката е итна.

**Член 53**

Натпреварот ќе се смета за прекинат доколку по прекинот натпреварот не продолжи.

Доколку екипа во една натпреварувачка година направи 2 (два) прекини, се исклучува од натпреварувањето во тој ранг на натпревари и за наредната натпреварувачка година се префрла за еден ранг подолу, а за одиграните натпревари се применува член 60 од Правилникот за натпревари. Лигата во која клубот се натпреварувал, ја напушта еден клуб помалку согласно завршната табела.

Доколку една екипа во ист степен на натпреварување континуирано во рок од 3 (три) натпреварувачки години направи 3 (три) прекини се применува претходниот став од овој член.

Доколку една екипа натпреварувајќи се во различен степен на натпреварување континуирано во рок од 3 (три) натпреварувачки години направи 3 (три) прекини по ист основ се применува став 2 од овој член.

Казната по овој член се однесува на првенствени и куп натпревари и само за онаа екипа која предизвикала донесување на таква казна.

**Член 54**

Играч по чија вина дојде до прекин на натпревар ќе се казни со забрана на настап од 12 (дванаесет) до 24 (дваесетичетири) месеци и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 250 |

За младите категории, соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 100 до 300.

Казната ја плаќа клубот, кој со свој акт го регулира начинот на рефундирање во рамките на клубот.

**Член 55**

Доколку за време на одигрување на фудбалски натпревар една од екипите на клубовите кои се натпреваруваат се однесува на начин поради кој натпреварот неможел да продолжи, односно предизвика инцидент поради што натпреварот морал да се прекине, клубот чија екипа е виновна за прекин на натпреварот ќе се казни со одземање од 3 до 9 бода, односно од 3 до 9 негативни бода и парична казна во висина од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 250 |

За младите категории, соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 200 до 500.

Играчите виновни за прекинот од став 1 ќе се казнат со забрана на играње од 12 до 24 месеци и парична казна во висина од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 250 |

За младите категории, соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 100 до 200.

Во потешки случаи, играчот се казнува со исклучување од фудбалска организација.

## Напуштање на терен и ненастапување

**Член 56**

Играч, односно субјект на дисциплинска одговорност предвиден во овој правилник кој ја наговара екипата од било кои причини да го напушти теренот или да не почне со играта, ќе се казни со забрана на настап од 12 до 24 месеци, односно со забрана на вршење функција во траење од една до две години.

Во потежок случај играч, односно функционер или службено лице на клуб ќе се казни со исклучување од фудбалска организација.

Ако се прифати наговарањето и теренот го напуштат до три играчи, а останатите ја продолжат играта, играчите кои го напуштиле теренот ќе се казнат со забрана на играње во траење од 12 до 24 месеци.

Ако теренот го напуштат најмалку четири играчи или екипата не ја започне играта ќе се изрече казна:

- играчите со забрана на настап во траење од 12 до 24 месеци,
- клубот чија екипа го напуштила теренот со одземање од 3 до 9 бода односно од 3 до 9 негативни бода.

Освен временските казни од претходните членови се изрекуваат и парични казни и тоа:

За играчи:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 500 |
| Втора лига | 250 |
| Трета лига | 100 |

За младите категории, соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 50 до 150.

За клуб:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 250 |

За младите категории, соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 200 до 500.

**Член 57**

Под ненастапување се смета кога екипа на клубот не настапи односно неоправано не го одигра натпреварот предвиден во календарот за првенствени натпревари односно куп натпреварувањето, независно дали се работи за сениорска екипа или екипа од младите категории.

Ненастапувањето се казнува согласно овој правилник.

**Член 58**

Клуб чија екипа неоправдано не настапи на првенствен натпревар ќе се казни со:

- одземање од 3 (три) до 9 (девет) бода и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 250 |

За младите категории, соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 200 до 500.

Екипа која неоправдано не настапи на куп натпревар клубот ќе се казни со елиминација од понатамошното натпреварување во купот и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1500 |
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 250 |

За младите категории, соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат се казнуваат со парична казна од 200 до 400.

По барање на оштетениот клуб, клубот чија екипа неоправдано не дошла на првенствен и куп натпревар должна е по одлука на дисциплинскиот орган да ги надомести трошоците.

**Член 59**

Клуб од првата лига кој неоправдано нема да настапува со младинци, кадети, пионери и други предвидени категории како и клуб од втората лига кој нема да настапува со младинска екипа или друга предвидена категорија ќе се казни:

- За ненастапување на еден натпревар во зависност од степенот и категоријата во кој се натпреваруваат ќе се изрече казна на клубот од 200 до 500.
- За ненастапување по втор пат , со одземање на 3 бода

  Наведените казни се применуваат и кон екипи (приватни школи ), како и клубови од понизок степен на натпреварување соодветно во кое натпреварување учествуваат младинските екипи.

## Напуштање на натпреварување

**Член 60**

Клуб чија екипа неоправдано го напушти натпреварувањето се казнува со одземање од 3 (три) до 9 (девет) негативни бода, и парична казна:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 250 |

Покрај тоа клубот чија екипа неоправдано го напуштила натпреварувањето е должна да ги надомести трошоците што ги предизвикала со напуштањето на натпреварувањето. Висината на тие трошоци на образложено барање од оштетените страни, ја утврдува надлежен дисциплински орган.

## Неправилни настапи

**Член 61**

За неправилен настап се смета кога играч ќе настапи за клуб на јавен натпревар и тоа:

- за клуб во кој не е регистриран
- за свој клуб пред да стекне право на настап

- за прва екипа, односно екипи од младински категории на свој клуб, а според одредбите на правилникот за натпреварување немал право на настап
- на првенствен или куп натпревар со екипа во која поради прекршок немал право на настап
- без важечки лекарски преглед во смисла на одредбите од правилникот за натпреварување или на кого од страна на лекар и делегат му е забрането настапување
- кој во текот на денот веќе настапил на еден натпревар
- кој се наоѓа под суспензија или казна

За неправилен настап на играчот, играчот ќе се казни со :

- забрана на настап од 2 (два) месеца до 1 (една) година, а најмалку 3 (три) првенствени и куп натпревари, и парична казна во висина од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 500 |
| Втора лига | 250 |
| Трета лига | 50 |

За младите категории, соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат ќе се казни со забрана на настап од 3 првенствени и куп натпревари и со парична казна од 50 до 150.

За неправилен настап на играчот ,клубот за кого играчот настапил се казнува со :

-со одземање од 3 (три) до 9 (девет) бода или, казна до 9 (девет) негативни бода за онаа екипа со која настапил и парична казна во висина од:
Клуб

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 250 |

За младите категории, соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат ќе се казни со парична казна од 100 до 200.

Играч кој настапил на јавен натпревар за друг клуб, без одобрение на клубот за кој е регистриран ќе се казни со три првенствени натпревари, а клубот за кого настапил со парична казна.

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 250 |

За младите категории, соодветно на степенот и категоријата во кој се натпреваруваат ќе се казни со парична казна од 100 до 300.

Под настапил, во смисла на овој член, не се подразбираат резервните играчи внесени во записникот од натпреварот кои не учествувале во играта.

**Член 62**

Ако клуб - екипа која се наоѓа под суспензија или казна, настапи на јавен натпревар, ќе се казни со:

- одземање до 9 (девет) бода, или
- казна до 9 (девет) негативни бода, која ќе се примени на онаа екипа што го сторила прекршокот и парична казна за:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 250 |

Истата казна ќе се примени и на оној клуб што ќе настапи против суспендиран или казнет клуб, доколку благовремено - најдоцна до 48 часа пред одигрување на натпреварот е известен за суспензијата или казната на клубот.

## Недоаѓање на натпревари на репрезентацијата, тренинзи и подготовки

**Член 63**

Играч кој неоправдано нема да дојде на подготовки, тренинг или натпревар на фудбалските репрезентации на Македонија, ќе се казни со забрана на настап до 6 (шест) месеци.

Играч или друг субјект на дисциплинска одговорност предвиден со овој правилник, кој ќе наговори играч да не се јави на покана за настап на натпревар на Репрезентација или за одење на тренинг и подготовки односно да го напушти тренингот или подготвувањето ќе се казни со забрана на настап, односно вршење на функција до една година.

Ако за тоа е виновен клубот преку свои функционери или на друг начин, клубот ќе се казни со парична казна од 5000.

**Член 64**

Допингот е забранет.

Допингот и прекршувањето на анти-допинг правилата се дефинирани во Правилникот за анти-допинг на ФИФА.

**Член 64 а**

Доколку анти-допинг правилата утврдени во Правилникот за анти-допинг на ФИФА и Правилникот за допинг конторола на ФФМ и тоа:

- ако во организмот на играчот-примерок од крв или урина, се најде присуство на забранета супстанца или нејзин метаболит или маркер
- ако играчот користи или се обиде да користи забранета супстанца

- ако играчот одбие да се подвргне на допинг контрола без оправдана причина
- ако играчот манипулира или се обиде да манипулира со допинг процедурата
- ако играчот поседува забранета супстанца или применува забранета метода

се прекршени од страна на играч, играчот ќе биде казнет со забрана на настап од 2 години.

Доколку во период од 8(осум) години од изрекување на казната за првото прекршување на анти-допинг правилата играчот го повтори прекршокот еднаш односно два пати ќе му се изрече казна согласно одредбите на Правилникот за допинг конторола на ФФМ.

**Член 64 б**

Повредата на анти-допинг правилата од страна на играчи помлади од 21 година се смета за особено сериозен прекршок и се смета за отежнителна околност за што ќе се изрече мерка согласно правилата за анти-допинг на ФИФА.

Доколку во прекршувањето на одредбите за анти-допинг на младиот фудбалер учествувале лица од клубот, односно ангажирани од страна на клубот, почитувајќи ги правилата на ФИФА иститe ќе се казнат со доживотна забрана на вршење функција/настап.

**Член 64 в**

Ако се детектира присуство на забранета супстанца во примерокот на играчот на допинг контролата која е содржана во групата на специфични супстанци во листата на забранети средства на светската анти-допинг агенција –ВАДА, за која играчот ќе докаже дека не е користена со цел да се подигнат спортските перформанси и супстанцата е случајно присутна во медикаментот што тој го користел за тераписки цели при прво прекршување ќе биде казнет најмалку со опомена односно до 2 години забрана на настап.

**Член 64 г**

Трговија со било која забранета супстанца или забранета метода како и администрирање или обид за администрирање на забранета супстанца или користење на метода при прво прекршување ќе се казни со забрана на настап/функција од најмалку 4 години до доживотна забрана.

Прекршоците од претходниот став кои претставуваат и прекршување на позитивните прописи се пријавуваат до надлежен орган.

**Член 64 д**

Одбивањето на тестирање , необезбедувањето на точни податоци за достапноста на играчот за тестирање за време на допинг конторолата ќе се казни со забрана на настап од 2 години.

Одбивањето на тестирање , необезбедувањето на точни податоци за престојот и достапноста на играчот за тестирање односно допинг конторолата надвор од натпреварувањето ќе се казни со забрана на настап 1(една) година.

Во случај да постојат олеснителни односно отежнителни околности од член 64а до член 64д , посебно повторување на прекршокот, се применуваат одредбите на Правилникот за анти-допинг на ФФМ односно ФИФА.

### Член 65

Ако играчот против кого е покрената постапка, докаже во текот на постапката дека тој не сноси значителна вина или негрижа, може да се изрече ублажена казна согласно Правилникот за анти-допинг на ФФМ и ФИФА.

Прекршувањата за кои е пропишана казна доживотна забрана на настап може да се намали на најмногу 8 години забрана на настап под услови пропишани со Правилникот за анти-допинг на ФФМ и ФИФА.

Ако играчот против кого е покрената постапка, докаже во текот на постапката дека не сноси никаква вина тогаш казната нема да му биде изречена.

Играч казнет поради повреда на АД правило, присуство на забранети супстанци во неговиот примерок при допинг контрола, потребно е да се тестира два до три пати сукцесивно во наредните 6 месеци.

### Член 66

Ако повеќе од еден играч од ист клуб се санкционирани заради повреда на антидопинг правилата клубот може да се казни со одземање од 3 до 9 бода.

Во повторен случај клубот ќе се казни со враќање во понизок степен на натпреварување.

Доколку повредата од став 1 се случи на финален куп натпревар, клубот може да се елиминира од понатамошно натпреварување, односно да ја изгуби титулата.

Освен наведените казни на клубот му се изрекува и парична казна.

| | |
|---|---|
| Прва лига | 5000 |
| Втора лига | 3000 |
| Трета лига | 2000 |

### Член 67

Ако играч или фудбалски работник на било кој начин бил инволвиран во позитивен допинг случај (помагање, мотиварање, храбрење, администрирање на забранети средства или методи) ке се казни со

- фудбалер со забрана на настап од две години
- фудбалски работник односно било кое лице ангажирано од клубот со забрана на вршење функција во фудбалскиот спорт во траење од 2 години а во случај на млад фудбалер согласно член 64б од овој правилник.

Во повторен случај се изрекува доживотна казна.

### Член 68

Против одлуката на првостепениот орган, незадоволната страна има право да изјави жалба согласно одредбите за поднесување на жалба од Правилникот за анти-допинг на ФИФА( член 80 и 81) до независно, непристрасно надлежно тело односно до Комисијата за жалби на ФФМ, во рок од 3 дена од прием на одлуката.

Засегнатите страни можат да ја обжалат второстепената одлука до CAS арбитражниот суд за спорт во Лозана. Одлуката на CAS е конечна.

Правосилните одлуки со кои се изрекува односно потврдува дисциплинска мерка за прекршување на анти-допинг правилата се поднесуваат до странките, надлежен орган на ФИФА и Светската анти-допинг агенција WADA.

**Член 69**

Како недозволени средства и методи во смисла на одредбите од член 64 до 68 се сметаат сите средства и методи наброени на листата на забранети средства и методи на светската анти-допинг агенција – ВАДА.

**Член 70**

Секое прекршување на анти-допинг правилата, доколку не е уредено со овој правилник ќе биде санкционирано согласно со одредбите од Анти-Допинг правилникот на ФФМ.

## Недозволено влијание на исход и тек на натпревар

**Член 71**

Сите субјекти на дисциплинска одговорност мора да се оградат од кое било однесување кое може да предизвика штета или го оштетува интегритетот на натпреварите и натпреварувањето и мора потполно да соработуваат со ФФМ, УЕФА и ФИФА во секое време при обидите за справување со таквото однесување.

Ќе се смета дека интегритетот на натпреварите и натпреварувањето се нарушува од страна на секој кој:

- се однесува на начин кој придонесува кон непожелно или незаконско влијание врз текот и/или резултатот на натпреварот со цел самиот да добие предност или да ја стекне таа предност за трета страна;
- учествува директно или индиректно во обложувањето или слични активности во врска со натпреварувањата или има директен или индиректен финансиски интерес од таквите активности;
- користи или дава информации кои ги стекнал преку својата позиција во фудбалот кои не се јавно достапни и го оштетува интегритетот на натпреварот;
- не ја извести ФФМ веднаш и доброволно доколку има дејства насочени кон влијанието на непожелен и незаконски начин врз текот и/или резултатот на натпреварот или натпреварувањето;
- не ја извести УЕФА и ФИФА веднаш и доброволно доколку има дејства насочени кон влијанието на непожелен и незаконски начин врз текот и/или резултатот на натпреварот или натпреварувањето;

Секое однесување предвидено во став 2 од овој член, ќе биде казнето соодветно согласно казните предвидени од член 77 до член 80 од овој Правилник

## Наговарање

**Член 72**

Под наговарање во смисла на одредбите во овој правилник се подразбира кога играч, фудбалски работник, клуб и службено лице наговара играч во директен контакт или преку друго лице да не игра како најдобро знае односно да не се залага како најдобро

знае, односно фудбалски работник, клуб или службено лице да стори нешто што е спротивно на постоечките прописи, односно не стори она што е должно да го стори според прописите на ФФМ, а со цел да се влијае на исходот на натпреварот.

## Прикривање

**Член 73**

Под прикривање во смисла на одредбите во овој правилник се подразбира кога играч, судија, фудбалски работник, клуб, службено лице односно член на фудбалско раководство прикрива дека има сознание дека :

- е вршен притисок на судија, играч, функционер на клуб, односно службено лице да стори нешто што е спротивно на постоечките прописи, односно не стори она што е должно да го стори според прописите на ФФМ во насока да се влијае на текот и исходот на натпреварот.
- судија, играч, функционер на клуб, службено лице или член на фудбалско раководство има примено или му е понудено подарок односно друга материјална погодност со цел да стори нешто што е спротивно на постоечките прописи, односно не стори она што е должен да стори според прописите на ФФМ во насока да се влијае на текот и исходот на натпреварот;
- текот и исходот на натпреварот е претходно договорен.

## Подмитување

**Член 74**

Под подмитување во смисла на одредбите во овој правилник се подразбира кога играч, фудбалски работник, клуб и службено лице ветува, дава или прима подарок, или други материјални погодности на играч, функционер на клуб, судија, член на фудбалско раководство, службено лице со цел да стори нешто што е спротивно на постоечките прописи, односно не стори она што е должно да го стори според прописите на ФФМ а во насока да се влијае на исход на натпревар односно на регуларност на натпреварувањето.

## Договарање

**Член 75**

Под договарање во смисла на одредбите на овој правилник се подразбира договарање на тек и исход на натпревар, односно договарање за редослед на конечната табела во тековната година.

**Член 76**

Наговарењето, прикривањето, подмитувањето и договарањето од член 72 до 75 се казниви согласно одредбите на овој правилник.

**Член 77**

Играч или судија кој сторил прекршок од член 71 до 75 ќе се казни со забрана на настап од 6 (шест) месеци до 2 (две) години, односно забрана на судење од 1 година до 2 години. Покрај оваа казна на сторителот ќе му биде изречена и парична казна како следи:

- за прикривање,

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 800 |
| Трета лига | 500 |

- за наговарање

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 500 |

- за подмитување,

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2000 |
| Втора лига | 1300 |
| Трета лига | 800 |

- за договарање

| | |
|---|---|
| Прва лига | 3000 |
| Втора лига | 2000 |
| Трета лига | 1000 |

Во повторен или потежок случај играч ќе се казни со забрана на настап од најмалку 1 година или исклучување од фудбалска организација.

Во повторен или потежок случај направен од судија или делегат покрај паричната казна ќе биде казнет и со исклучување од фудбалска организација.

**Член 78**

Функционер на клуб, член на фудбалско раководство, или друго службено лице кој сторил прекршок од член 71 до 75 ќе се казни со забрана за вршење на функција од 1 до 2 години. Покрај оваа казна на сторителот ќе му биде изречена и парична казна како следи:

- за прикривање,

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 800 |
| Трета лига | 500 |

- за наговарање

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 500 |

- за подмитување,

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2000 |
| Втора лига | 1300 |
| Трета лига | 800 |

- за договарање

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |

| | |
|---|---|
| Втора лига | 1500 |
| Трета лига | 1000 |

Во повторен или потежок случај направен од функционер на клуб, член на фудбалско раководство, или друго службено лице покрај со парична казна ќе биде казнет со исклучување од фудбалска организација.

**Член 79**

Доколку е утврдено дека раководство на клубот учествувало во нерегуларност, на начин што е сторен прекршок од член 71 до 75, клубот ќе се казни со одземање од 3 до 9 бода, односно од 3 до 9 негативни бода. Покрај оваа казна на клубот ќе му биде изречена и парична казна како следи:

- за прикривање

| | |
|---|---|
| Прва лига | 3000 |
| Втора лига | 2000 |
| Трета лига | 1000 |

- за наговарање

| | |
|---|---|
| Прва лига | 5000 |
| Втора лига | 3000 |
| Трета лига | 1500 |

- за подмитување,

| | |
|---|---|
| Прва лига | 6000 |
| Втора лига | 4000 |
| Трета лига | 2000 |

- за договарање

| | |
|---|---|
| Прва лига | 8000 |
| Втора лига | 5000 |
| Трета лига | 3000 |

Во повторен или потежок случај направен од клуб, клубот покрај парична казна ќе биде казнет со враќање во најнизок степен на натпреварување.

**Член 80**

Под службено лице во смисла на одредбите од 71 до 75 во овој правилник се подразбираат сите лица вклучени во организирање и одигрување на натпреварот, во најширока смисла.

## Негативни појави од поголеми размери или значење

**Член 81**

Клуб кој одбива да настапува на официјални натпревари ќе се казни со парична казна предвидена во став 2 од овој член.

Клуб или негов член кој придонесува, учествува, не овозможи или не преземе

превентивни и други потребни мерки против негативни појави од поголеми размери или поголемо значење за кои е одговорен во натпреварувањето клубот ќе се казни со одземање од 3 (три) до 9 (девет) бода односно од 3 (три) до 9 (девет) негативни бода и парична казна:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 500 |

Во зависност од настанатата последица на прекршокот од став 1 и став 2 на овој член, клубот може да се казни со враќање во понизок степен на натпреварување, а негов член со исклучување од фудбалска организација.

## Навреда и клевета

### Член 82

Играч, функционер, односно било кој субјект на дисциплинска одговорност кој навредува, клевети или шири невистини во јавност, пишан или електронски медиум за својот или било кој клуб, за свој или противнички играч, фудбалски работник на било кој клуб или член на фудбалското раководство во било кој орган, судија, или тренер, ќе се казни со:

- Играч - забрана на настап најмалку 3 (три) првенствени и куп натпревари и парична казна од :

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 250 |

- Функционер - забрана на вршење функција од 3 месеци до 6 месеци и парична казна од 1.000.
- Клуб со парична казна :

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 500 |

За секој повторен случај казната се удвојува.

Ако навивач на клуб, за време, пред и по натпревар нанесува навреди на органите и телата и раководството на фудбалска организација, клубот ќе се казни со одигрување од 1 (еден) до 5 (пет) натпревари без присуство на гледачи и парична казна од :

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 500 |

Ако функционер, фудбалски работник, службени лица на клубот кои учествуваат во организирање на навивачите за нанесување навреди или самите учествуваат, ќе се казнат со забрана на вршење на функција од 12 месеци до 24 месеци.

## Прекршоци во врска со регистрација на играч

### Член 83

Играч, фудбалски работник, функционер или службено лице на клуб, кој во врска со регистрација на играчите:

- даде лажни, неточни и непотполни податоци што се од значење за правилно спроведување на регистрацијата,
- преправа или внесува одредени податоци во документите за регистрација: фудбалска легитимација, исписница, брисовница, договори и друго
- кој истовремено се регистрира за два или повеќе фудбалски клубови
- оној што на било кој друг начин го измами својот или противничкиот клуб и фудбалското раководство во врска со регистрацијата од значење за правилно спроведување на регистрацијата и правилен настап ќе се казни.

Играч кој ќе стори прекршок во врска со став 1 од овој член ќе се казни со казна забрана за играње од 12 месеци до 24 месеци и парична казна

| | |
|---|---|
| Прва лига | 500 |
| Втора лига | 250 |
| Трета лига | 100 |

Функционер кој ќе стори прекршок во врска со став 1 од овој член ќе се казни со казна забрана на вршење на функција од 1 година до 2 години.

Клубот со чие знаење е извршена неправилната регистрација се казнува со одземање од 3 до 9 бода, односно од 3 до 9 негативни бода од бодовното салдо на екипата за која е извршена неправилната регистрација, а клубот ќе се казни и со парична казна

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 500 |

Членот на комисијата за регистрирање на играч со чие знаење ќе се изврши неправилната регистрација, ќе се казни со :

- забрана на вршење на функцијата во траење од една до две години.

За прекршокот предвиден во став 1 од овој член, се казнува и кога прекршокот е сторен од невнимание согласно член 8 став 3 и 4.

## Измама и доведување во заблуда

**Член 84**

Играч, службено лице на натпревар, функционер или службено лице на клуб или кој:

- дава лажни, неточни и непотполни податоци, или неовластено преправа одредени податоци од значење за правилен настап и правилна регистрација во записникот од натпреварот, фудбалската легитимација, исписницата, брисовницата и другите документи за регистрација на играч,
- дава лажни, неточни и непотполни податоци за записникот на натпреварот и својот извештај како делегат на органот на натпреварување и на тој начин го измами фудбалскиот орган во утврдувањето на фактичката состојба и превземањето на соодветни мерки,
- дава лажни, неточни и непотполни податоци во врска со нормативата за стручно-педагошка работа, што е од значење за натпреварувањето на клубот во соодветниот степен на натпреварување,
- оној што лажно се претставува за функционер на клуб, здружение или сојуз на одреден натпревар,
- оној што ја злоупотребува својата почесна службена пропусница или влезница за бесплатна посета на натпревар, или
- измами и доведе во заблуда орган на фудбалска организација или клуб во било кој поглед :

Ќе се казни со:

- играч - забрана на играње од 6 (шест) месеци до 1 (една) година,
- функционер- забрана на вршење функција од една до две години,
- службено лице на натпревар – забрана на вршење функција од една до две години,
- службено лице на клуб -– забрана на вршење функција од една до две години,
- клубот - со одземање од 3 (три) до 9 (девет) бода или со казна од 3 (три) до 9 (девет) негативни бода.

Освен наведените казни се изрекуваат парични казни и тоа:

**Играч :**

| | |
|---|---|
| Прва лига | 500 |
| Втора лига | 250 |
| Трета лига | 100 |

**Клуб:**

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 500 |

## Занемарување на обврските

**Член 85**

Оној што спрема фудбалската организација ќе ги занемари обврските со:

- недоставување на исписницата и легитимација, кога според прописите на фудбалската организација на тоа е обврзан;
- неисплатување или доцнење со исплата на трошоците на судијата и делегатот и други обврски од спортските односи;
- неплаќање на членарина;
- недоставување на записник по електронска пошта e-mail (за клубови од прва и втората лига) веднаш по завршување на натпреварот;
- неподнесување на делегатот на натпревар: фудбалски легитимации, записници и други документи предвидени со пропозициите за натпреварување;
- не пријавување или неблаговремено пријавување на јавни натпревари и турнири,
- отежнување на работа на фудбалските органи со недоставување или доцнење на потребни изјави и извештаи и
- неизвршувањето на други должности и обврски кои произлегуваат од правилникот и други прописи на фудбалската организација.

Ќе се казни со:

- играч - забрана на настап до два месеци,
- службено лице на натпревари - -забрана на вршење функција до шест месеци,
- функционер или службено лице на клубот - забрана на вршење функција до шест месеци,
- фудбалски работник - забрана на вршење функција до шест месеци,
- клуб со парична казна :

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 250 |

За недоставување на записник по е-маил, согласно став 1 алинеа 4 од овој Правилник во младинските првенства ќе се изрече парична казна во висина од 50.

Клуб кој нема да достави навремено, квалитетна и во континуитет (без прекини) снимена касета од натпреварите од првата, втората и третата лига ќе се казни со парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1500 |
| Трета лига | 250 |

## Отежнување на истрагата

**Член 86**

Оној што на фудбалската организација и неговите органи му ја отежнуваат

истрагата со давање неточни податоци, ќе се казни со :

- Играч - забрана на играње до 24 месеци, а најмалку 3 првенствени и куп натпревари и парична казна од :

| | |
|---|---|
| Прва лига | 500 |
| Втора лига | 250 |
| Трета лига | 100 |

- Фудбалски работник - забрана вршење на функција до две години, и парична казна од :

| | |
|---|---|
| Прва лига | 500 |
| Втора лига | 250 |
| Трета лига | 100 |

- Клубот – со одземање од 3 (три) до 9 (девет) или со казна од 3 (три) до 9 (девет) негативни бода и парична казна од :

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 500 |

Поради неодговарање на прв повик, ако сослушувањето е неопходно за утврдување на фактичката состојба, дисциплинскиот орган може да изрече и суспензија со време траење согласно одредбите на овој правилник.

## Неизвршување на одлуки

**Член 87**

Против секој субјект на дисциплинска одговорност предвиден во член 13 од овој Правилник што нема да постапи или делумно ќе постапи, односно одбива да спроведе одлука и покрај укажувањето од страна на надлежниот орган на фудбалска организација кој ја донел одлуката по барање на истиот орган ќе се спроведе дисциплинска постапка.

За субјектите на дисциплинска одговорност против кој е поведена постапка предвидена во став 1 од овој член за кои ќе се утврди одговорност, во зависност од штетните последици настанати поради непостапување или делумно постапување, одбивањето за спроведување на одлуките ќе се казнат со парична казна во висина до 2000.

Во случај на непостапување ,настанати потешки последици поради непостапување, делумно постапување по одлуките, субјектот на дисциплинска одговорност може да биде казнет со казна :

- забрана на вршење на должност или функција од најмалку 6 месеци
- исклучување од фудбалска организација;

- исклучување од лига и враќање во понизок степен на натпреварување, односно елиминирање од понатамошно куп натпреварување;
- одземање од 3 до 9 бодови или негативни бодови
- забрана за трансфер на фудбалери

**Член 88**

Секој субјект на дисциплинска одговорност предвиден во член 13 од овој Правилник што нема да постапи или делумно ќе постапи по одлуките на надлежен орган на ФФМ признат од ФИФА, односно надлежен орган признат од ФФМ и ФИФА со кои е утврдено дека одреден субјект не постапил по одредена одлука со финансиски или без финансиски импликации , не ги исполнил или ги исполнил делумно своите финансиски обврски према друг субјект како ФФМ,ФИФА,CAS, играч, тренер, клуб, други, на сторителот ќе му се изрече парична казна во висина до 2000 во зависност од околностите и временскиот период на непостапување по предметната одлука по што ќе му биде одреден краен рок за постапување по неизвршената одлука,

- доколку сторител е клуб ќе се предупреди за дисциплинската мерка која следи доколку не постапи до истекување на крајниот рок и тоа: одземање од 3-9 бода , забрана за трансфер, враќање во понизок ранг, пропорционално на долгуваниот износ односно настанатите последици.

- доколку сторителот не постапи по одлуката до утврдениот краен рок надлежниот дисциплински орган во зависност од тежината и настанатите последици ќе изрече една од мерките со кои клубот како сторител е предупреден.

- доколку сторител е физичко лице кое нема да постапи или делумно ќе постапи, односно одбива да спроведе одлука и покрај укажувањето од страна на надлежниот орган на фудбалска организација до утврдениот краен рок му се изрекува дисциплинска мерка забрана на вршење на функција

Жалба на изречена одлука по одредбите на овој член се поднесува директно до CAS(Спортски арбитражен суд со седиште во Лозана,Швајцарија).

Секоја одлука со финансиски или без финансиски импликации изречена против клуб или физичко лице од страна на надлежно тело признаено од ФИФА, ќе биде спроведена од ФФМ согласно принципите и одредбите на овој правилник или од новата асоцијација во која физичкото лице во меѓувреме е регистрирано или склучило договор со клуб-член на новата асоцијација.

**Член 89**

Фудбалскиот работник кој како член на одреден фудбалски орган несовесно ја обавува својата фудбалска должност, а со тоа му е од корист на својот, а му штети на друг клуб, ќе се казни со забрана за вршење функција во траење од 12 до 24 месеци.

**Член 90**

На клуб што не ги извршува одлуките за стручно - педагошката работа утврден за клубовите од одреден степен на натпреварување, односно не ги спроведува одредбите со кој е утврден минимум потребен за стручно - педагошката работа за помладите категории во основните фудбалски организации ќе му биде наложено од страна на надлежниот орган да ги изврши предвидените обврски во примерен рок.

Доколку клубот во дадениот рок не постапи по одлуката за минимум на условите

за стручно - педагошката работа за помладите категории во основните фудбалски организации во поглед на предвидената организација за работа, обезбедување на предвидениот стручен кадар за работа со помладите категории, минимумот услови за стручно - педагошка работа и учествување во натпреварувањето ќе се казни со парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 250 |

## Прекршок на аматерски принцип

**Член 91**

Играч аматер кој во клубот остварува приходи кој го менуваат неговиот аматерски статус, односно приходи надвор од вистинските трошоци направени за време на учествување во фудбалски активности (патни трошоци, трошоци за сместување и исхрана, трошоци за опрема, осигурување и тренинг) ќе се казни со забрана на настап најмалку една година.

Функционер, односно одговорното лице во клубот, кое ќе му овозможи на играчот да оствари приход кој го менува аматерски статус на играчот, односно приход надвор од вистинските трошоци направени за време на учествување во фудбалски активности (патни трошоци, трошоци за сместување и исхрана, трошоци за опрема, осигурување и тренинг) ќе се казни со забрана вршење функција најмалку една година.

Клубот во кој на играч му е овозможено да оствари приход кој го менува неговиот аматерски статус ќе се казни одземање до шест бода односно до шест негативни бода.

Во потешки случаи сторителите ќе се казнат на следниот начин:

а) Играчот со исклучување од фудбалската организација,

б) Функционерот, одговорното лице во клубот со исклучување од фудбалската организација,

в) Клубот со враќање во понизок степен на натпреварување.

## Прекршоци во врска со материјално-финансиско работење

**Член 92**

Клубот кој :

- Финансиско-материјално работење не го води уредно согласно позитивните законски прописи;
- Доколку во одреден рок не поднесе извештај и пресметка од одигран натпревар во странство
- Доколку во одреден рок не достави финансиска пресметка за приход од меѓународен натпревар до надлежниот меѓународен орган;
- Доколку во одреден рок не уплати износ утврден со финансиската пресметка за остварен приход од меѓународнен натпревар до надлежниот меѓународен орган;
- Доколку во одреден рок не постапи по забелешките од надлежното тело за ревизија на финансиско материјално работење;

- Доколку намерно поднесе финансиска пресметка за остварен приход од натпревар со неточни податоци до надлежното тело;
- Доколку наменски доделените средства ги троши за други цели,

ќе се казни со парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1000 |
| Трета лига | 250 |

Покрај паричната казна за прекршок од последната алинеја, клубот е должен да ги врати наменски добиените средства во рок што ќе го одреди надлежниот орган.

Членка на ФФМ која наменски доделените средства ги троши за други цели ќе се казни со парична казна во висина од 1000.

Покрај паричната казна, членката на ФФМ, е должна да ги врати наменски добиените средства во рок што ќе го одреди надлежниот орган.

## Прекршоци во врска со меѓународни натпревари

### Член 93

Клуб кој оди на турнеја во странство без одобрување од надлежен орган ќе се казни со забрана на настап во странство до една година, а во потешки случаи со одземање од 1 до 9 бода односно со казна од 1 до 9 негативни бода што се применува на онаа екипа (прва екипа, екипа од млади категории ) во врска со која е сторен овој прекршок и со парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 5000 |
| Втора лига | 2500 |
| Трета лига | 1000 |

Одговорните лица во клубот ќе се казнат со забрана на вршење на функцијата од 12 до 24 месеци и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 100 |

Во повторен случај или потежок случај одговорните функционери ќе се казнат со исклучување од фудбалската организација.

### Член 94

Клубот кој на турнеја во странство договори натпревар без одобрување од надлежен орган ќе се казни со забрана на настап во странство до една година и со одземање до шест бода односно до шест негативни бода.

Казната се применува на онаа екипа (прва екипа, екипа од млади категории) во врска со која е сторен прекршок и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 5000 |
| Втора лига | 2500 |
| Трета лига | 1000 |

Одговорните лица во клубот ќе се казнат со забрана на вршење функција до една година, а во повторен или потежок случај исклучување од фудбалска организација и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 250 |

**Член 95**

Клубот што благовремено нема да се врати од странство ќе се казни со забрана на настап во странство до една година, а во потешки случаи одземање до шест бода односно до шест негативни бода и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 5000 |
| Втора лига | 2500 |
| Трета лига | 1000 |

Казната се применува на онаа екипа (прва екипа, млади категории) во врска со која е сторен прекршокот.

Одговорните лица во клубот ќе се казнат со забрана на вршење функција до една година а во повторен или потежок случај со казна исклучување од фудбалска организација и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 1000 |
| Втора лига | 500 |
| Трета лига | 250 |

**Член 96**

Клубот чии играчи или функционери со своето однесување во странство на натпреварите или надвор од нив му штетат на угледот на нашата земја ќе се казнат со забрана на настап во земјата и странство до една година и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 6000 |
| Втора лига | 3000 |
| Трета лига | 1500 |

Играчите, односно функционерите за сторен прекршок од став 1 на овој член ќе се казнат со забрана на настап односно забрана на вршење функција до една година и парична казна:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1250 |
| Трета лига | 500 |

**Член 97**

Клубот што настапува на натпревар во странство со играч кој издржува казна забрана на настап или суспензија односно играч кој не се стекнал со право за настап, ќе се казни со одземање од 1 до 9 бода односно 1 до 9 негативни бода, казна што ќе се примени на онаа екипа (прва екипа, екипа од млади категории) во врска со која е сторен прекршокот и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 5000 |
| Втора лига | 2500 |
| Трета лига | 1000 |

Играч, односно функционер кој ќе стори прекршок од став 1 на овој член ќе се казни со забрана на настап до една година, односно забрана на вршење функција до една година и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 2500 |
| Втора лига | 1250 |
| Трета лига | 500 |

**Член 98**

Клубот што останал во странство и без одобрение настапи како репрезентација на Македонија, ќе се казни со парична казна од :

| | |
|---|---|
| Прва лига | 7500 |
| Втора лига | 5000 |
| Трета лига | 2500 |

## Службени лица на натпревар

**Член 99**

Судијата што во одредено време неоправдано не дојде да го води натпреварот или дојде на игралиште, а натпреварот оправдано не го води, а благовремено не го откажал ќе се казни со забрана на судење од три месеци до една година.

Во повторен или во особено тежок случај може да се изрече казна исклучување од фудбалска организација.

## Член 100

Судија кој добил слаба оцена потврдена од надлежно тело на Судиската комисија заради битна материјална повреда на Правилата на фудбалската игра, прикрил или невнел, односно погрешно внел во записник картони и др. со што директно влијаел на резултатот на натпреварот ќе биде и парично казнет со:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 200 |
| Втора лига | 100 |
| Трета лига | 50 |

За натпревар од млади категории судијата ќе биде казнет со парична казна во висина од 50.

Судија кој прикрива дека натпреварот е договорен, судел под притисок, и др покрај дисциплинската одговорност предвидена во овој правилник ќе се казни согласно одредбите од член 77 од овој Правилник.

Ако контролор на натпревар задоцни, не испрати извештај во утврдениот рок покрај дисциплинската одговорност предвидена со овој правилник ќе се казни и со парична казна:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 15 |
| Втора лига | 10 |
| Трета лига | 2,5 |

За натпревар од млади категории одговорното службено лице ќе се казни со парична казна во висина од 5.

Ако контролор не дојде на натпревар а претходно своето отсуство не го оправда ќе се казни и со парична казна во висина од :

| | |
|---|---|
| Прва лига | 100 |
| Втора лига | 50 |
| Трета лига | 25 |

За натпревар од млади категории одговорното службено лице ќе се казни со парична казна во висина од 25.

Контролор за кој во постапка се утврди дека несовесно ја врши должноста или нејасно и неточно ја прикажува фактичката состојба, тенденциозно проценува со што можел да повлијае односно влијаел на исходот на натпреварот и друго покрај дисциплинската одговорност ќе се казни и со парична казна во висина од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 200 |
| Втора лига | 100 |
| Трета лига | 50 |

За натпревар од млади категории одговорното службено лице ќе се казни со парична казна во висина од 50.

Контролор за кој во постапка се утврди, дека вршел притисок на судиите за исход од натпреварот, прикривал дека натпреварот е договорен и друго ќе се казни согласно член 77 од овој правилник.

## Член 101

Судија кој неоправдано ќе прекине натпревар ќе се казни со забрана на судење до 6 (шест) месеци.

**Член 102**

Судија кој водел натпревар кој е поништен поради битна повреда на одредбите од правилата на фудбалската игра ќе се казни со забрана на судење во време од три до шест месеци.

Во потешки случаи од став 1, судија ќе се казни со забрана на судење до една година.

**Член 103**

Судија кој неспортски се однесува за време на судењето, ќе се казни со забрана на судење во време од еден до шест месеци.

Во потешки случаи од став 1, судија ќе се казни со забрана на судење до една година.

**Член 104**

Судија што ќе поднесе неточен извештај за натпреварот на кој бил судија или помошен судија, ќе се казни со забрана на судење од два до шест месеци

Во потешки случаи од став 1, судија ќе се казни со забрана на судење до една година.

**Член 105**

Судија што ќе наплати поголема такса или трошоци за судење од оние на што имал право, ќе се казни забрана на судење во траење од 12 до 24 месеци и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 200 |
| Втора лига | 100 |
| Трета лига | 50 |

**Член 106**

Судијата кој дава изјава за судењето во средствата за јавно информирање ќе се казни со забрана на судење во траење до шест месеци, а во потешки случаи до една година.

**Член 107**

Судија што на игралиште ги навредува или клевети гледачите, функционерите на фудбалската организација, клубот или членови на управата на клубот, а во врска со фудбалскиот спорт, ќе се казни со забрана на судење во време од два до шест месеци, како и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 200 |
| Втора лига | 100 |
| Трета лига | 50 |

**Член 108**

Судија што за време на судењето или по завршениот натпревар физички ќе

нападне играчи, функционери на клуб или функционери и службени лица на федерацијата, гледачи, ќе се казни со забрана на судење во време од шест месеци до една година и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 200 |
| Втора лига | 100 |
| Трета лига | 50 |

**Член 109**

Судија што неоправдано нема да се појави на повик од надлежниот орган на фудбалската организација, а со тоа го отежнува иследувањето ќе се казни со забрана на судење во време од два до шест месеци, и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 200 |
| Втора лига | 100 |
| Трета лига | 50 |

**Член 110**

Судија што го спречува иследувањето што се води про тив него со недоаѓање на сослушување или на било кој друг начин го спречува истото, ќе се казни со забрана на судење во време од шест месеци до една година и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 200 |
| Втора лига | 100 |
| Трета лига | 50 |

**Член 111**

Судија што врши должност во време кога се наоѓа под суспензија или казна, ќе се казни со забрана на судење во време од шест месеци до една година и парична казна од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 200 |
| Втора лига | 100 |
| Трета лига | 50 |

**Член 112**

За прекршоци сторени од судија на натпревари од младинска категорија, предвидени од член 101 до член 111, во кои е предвидена парична казна, ќе се изрекува парична казна како за натпревар во трета лига.

**Член 113**

Ако делегат на натпревар задоцни, не испрати записник односно извештај во утврдениот рок покрај дисциплинската одговорност предвидена со овој правилник ќе се казни и со парична казна:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 15 |
| Втора лига | 10 |
| Трета лига | 2,5 |

Ако делегат не дојде на натпревар а претходно своето отсуство не го оправда или не земе изјава и легитимација од исклучени или пријавени играчи или службени лица после натпревар и др. ќе се казни и со парична казна во висина од :

| | |
|---|---|
| Прва лига | 100 |
| Втора лига | 50 |
| Трета лига | 25 |

Делегат за кој во постапка се утврди дека несовесно ја врши должноста или нејасно и неточно ја прикажува фактичката состојба, тенденциозно проценува со што можел да повлијае односно влијаел на исходот на натпреварот и друго покрај дисциплинската одговорност ќе се казни и со парична казна во висина од:

| | |
|---|---|
| Прва лига | 200 |
| Втора лига | 100 |
| Трета лига | 50 |
| | |

Делегат за кој во постапка се утврди, дека вршел притисок на судиите за исход од натпреварот, прикривал дека натпреварот е договорен и друго ќе се казни согласни член 77 од овој правилник.

Доколку делегатот не ја уплати изречената парична казна во рок од 10 дена од прием на одлуката истиот нема да биде делегиран до крајот на натпреварувачката година.

Доколку делегатот не ја уплати изречената парична казна и по завршување на тековната натпреварувачка година истиот нема да се земе во предвид при изготвување на односните листи за наредното првенство.

## III. ПОСТАПКА

### Дисциплински органи

**Член 114**

Казните ги изрекуваат надлежните дисциплински органи на Фудбалската федерација на Македонија, членките на фудбалската федерација на Македонија и клубовите.

**Член 115**

Дисциплински органи на Фудбалската Федерација на Македонија се:
- Дисциплински инспектор
- Дисциплинска комисија
- Комисија за жалби

Дисциплинскиот инспектор ја претставува ФФМ во дисциплинските постапки за ФФМ и ќе води истраги како што е побарано од Управниот одбор на ФФМ или Генералниот секретар на ФФМ. Тој може да обжали одлука донесена од Дисциплинската комисијата или Комисијата за жалби пред повисок орган.

Дисциплинската комисија на ФФМ и Комисијата за жалби, имаат надлежност да изрекуваат дисциплински мерки како што е предвидено во овој правилник.

## Дисциплинска комисија на ФФМ

### Член 116

Дисциплинската комисија се грижи за примената на мерките и постапката за казнување на фудбалски и стручни организации, нивни клубови и асоцијации, сојузи, други нивни организации и органи, како и поединци кои ќе ги прекршат правилата на играта и спортското однесување или ќе го прекршат Статутот и прописите на ФФМ, директивите или одлуките на УЕФА и ФИФА или на било кој друг начин ќе ја нарушат дисциплината и ќе му наштетат на угледот на фудбалот како спорт.

Дисциплинската комисија се состои од 3 члена и 3 заменици и тоа: Претседавач на комисијата, двајца членови и тројца заменици кои мора да имаат правни квалификации.

Дисциплинската комисија своите одлуки ги носи само ако се присутни сите нејзини членови, во случај на отсуство на член на комисијата, Претседавачот на комисијата определува кој член од замениците ќе учествува во работата на дисциплинската комисија.

Во одредени случаи определени во овој правилник Претседавачот на комисијата може да одлучува самостојно.

Против одлука на Дисциплинската комисија заинтересираните страни имаат право на жалба до комисија за жалби на ФФМ.

Дисциплинската комисија на ФФМ одржува редовни седници секоја среда во неделата.

### Член 117

Управниот одбор на ФФМ има право да побара од Дисциплинсиот инспектор да покрене истрага за било кое прашање поврзано со фудбалскиот спорт.

По завршената истрага Дисциплинскиот инспектор, во зависност од резултатот на истрагата одлучува за поднесување пријава до дисциплинската комисија на ФФМ.

## Општински фудбалски сојуз

### Член 118

Дисциплинскиот орган на Општинскиот фудбалски сојуз е надлежен да решава во прв степен за сите прекршоци кои ги сториле:

а) членовите на Управниот одбор на општинскиот фудбалски сојуз, членовите на Надзорниот одбор и членовите на органите на Управниот одбор,

б) играчите, функционерите, стручните и технички раководители, клубовите, судиите и тренерите на сите натпревари и во врска со натпреварите одиграни во рамките на натпреварувањата со кои раководат и кои ги одобруваат органите на Управниот одбор на фудбалскиот сојуз на општината и натпреварите на сите репрезентации на

општината и регионот како и прекршоците сторени во врска со тие натпревари,

в) клубовите, во врска со финансиско - материјалното работење, кога станува збор за нивните обврски спрема Фудбалскиот сојуз на Општината и регионот,

г) клубовите од општинскиот и регионалниот степен на натпреварување кога се во прашање обврските поврзани со обезбедување на стручно-педагошки услови за млади категории предвидени за предметниот степен на натпреварување.

д) играчите, функционерите, клубовите и раководствата на фудбалските сојузи, кога станува збор за примена на прописите за регистрација на играчи за клубови од општински степен на натпреварување кои поминуваат од клубови членови на општинска лига при премин од клуб во клуб на територија на во ист општински сојуз.

Против одлуката од дисциплинскиот орган донесена во прв степен, заинтересираната страна има право на жалба до второстепен орган кој е одреден со Статутот на општинскиот фудбалски сојуз.

**Член 119**

Претседателот на дисциплинската комисија одлучува самостојно за сите предмети за коишто следува автоматска казна, додека за донесување на полноправни одлуки во предметите во постапка на седницата задолжително мора да бидат присутни мнозинството од членовите на комисијата..

Сите дисциплински органи одржуваат редовни состаноци во одреден ден во неделата.

Членот на дисциплинскиот орган кој учествувал во одлучување во прв степен не може да одлучува за истиот предмет и во втор степен.

Членот на дисциплинскиот орган кога се одлучува за прекршок на клуб чиј член е и тој, се иззема при разгледувањето и одлучувањето по тој предмет.

Постапката по правило е јавна освен кога надлежниот дисциплински орган не одлучи поинаку.

## Клубови

**Член 120**

Дисциплинскиот орган на клубот полноправно одлучува и изрекува казни на членовите од клубот за прекршоци сторени кон клубот доколку на седница се присутни мнозинство од членовите на комисија.

Казните забрана на играње, забрана на вршење функција и паричната казна изречена од страна на дисциплинскиот орган на клубот, не можат да бидат поголеми од 6 (шест) месеци, односно до 5.000, со исклучок на казната исклучување од клубот.

Второстепениот орган во Федерацијата должен е да ги земе во постапка и изречените парични казни на клубовите.

Доколку не се потврдени од страна на Комисија за жалби на ФФМ, казните кои ќе ги изречат органите на клубот имаат дејство само во рамките на тој клуб.

Против одлуката од Дисциплинскиот орган на клубот донесена во прв степен незадоволните имаат право на жалба до Комисија за жалби при ФФМ.

## Покренување на постапка

**Член 121**

Дисциплинската постапка може да биде иницирана со:

а) пријава од Комисијата или Комесарот за натпревари
б) извештај од делегатот,
в) извештај од судија,
г) пријава од фудбалско раководство,
д) пријава од клуб,
ѓ) пријава од надлежен сојуз,
е) пријава од дисциплинскиот инспектор
ж) по службена должност.

Органот за натпреварување може да поднесе пријава за дисциплинската постапка врз основа на аудио – визуелни докази.

**Член 122**

Пријавата се поднесува до надлежниот дисциплински орган, кој одлучува за поведување на постапка.

Странките во постапката можат да бидат застапувани од застапникот по закон или полномошник доколку од нив не се бара лично присуство и произнесување.

**Член 123**

Пред поведувањето на дисциплинската постапка, дисциплинскиот орган е должен да утврди дали е надлежен да го разгледува тој предмет.

Ако дисциплинскиот орган не е надлежниот да ја разгледува пријавата по случајот, должен е предметот да го отстапи на надлежниот дисциплински орган.

**Член 124**

За судирот на надлежностите на дисциплинските органи одлучува заеднички непосредно повисок дисциплински орган.

## Тек на постапката

**Член 125**

По утврдувањето на надлежноста дисциплинскиот орган го повикува и сослушува сторителот на прекршокот како би можел да одлучи за покренување на дисциплинската постапка и за тоа да донесе формална одлука.

Ако сторителот на прекршокот не живее во местото, односно седиштето на дисциплинскиот орган тогаш сослушувањето ќе се изврши преку фудбалското раководство во тоа место или преку клубот.

Ако станува збор за исклучен играч, тој е должен по завршување на натпреварот да се јави на делегатот поради сослушување.

Ако тоа не го стори од било кои причини, клубот е должен да го сослуша играчот или земе негова изјава и во рок од 48 часа да ја достави до надлежниот дисциплински орган.

Ако тоа не го стори ќе се смета како да е сослушан а надлежниот дисциплински орган ќе одлучува врз основа на материјалот со кој располага.

## Постапка за водење и потврдување на клубска казна

**Член 126**

Постапката во рамките на клубот е следна:

- Барањето за покренување постапка се поднесува до дисциплинскиот орган на клубот;
- Дисциплинскиот орган на клубот се произнесува по барањето во рок од 3 дена од доставувањето
- Доколку во рок од 3 дена од доставеното барање дисциплинскиот орган на клубот не се произнесе, барањето се смета за одбиено;
- Дисциплинскиот орган на клубот покренува дисциплинска постапка во рок од 3 дена од поднесување на барањето;
- По завршување на постапката, во рок од 30 дена а не подоцна од 60 дена од денот на покренување, дисциплинскиот орган на клубот се произнесува со одлука која ја доставува во рок од 3 дена од донесувањето до странките во постапката и до комисијата за жалби на ФФМ на потврдување.
- Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 дена од добивање на одлуката до Комисијата за жалби на ФФМ;
- Одлуката на Комисијата за жалби на ФФМ е конечна и истата се објавува во Макфудбал.

**Член 127**

Дисциплинската постапка мора да биде итна и економична.

Првостепената дисциплинска постапка мора да биде завршена во рок од два месеца сметано од денот на поднесувањето на пријавата.

Доколку во тој рок постапката не е завршена, ќе се смета дека пријавата е отфрлена, а подносителот на пријавата има право на жалба до второстепениот орган.

**Член 128**

Во дисциплинската постапка сослушувањето на сторителот на прекршокот, сведокот и обезбедувањето на останатите докази, може да го вршат одредени членови на дисциплинскиот орган и замолени органи.

Сторителот на прекршокот има право да бара да биде повикан на свој трошок на состанокот на дисциплинскиот орган поради подетално објаснување односно сослушување.

**Член 129**

Во посложените случаи, дисциплинскиот орган може, кога ќе најде за потребно, да повика поради консултации и стручни лица со цел да се донесе правилна одлука.

## Утврдување на факти

**Член 130**

Дисциплинските органи одлучуваат врз основа на изведените докази во постапката.

Фактите во дисциплинската постапка се утврдуваат врз основа на докази, прибавени од овластените службени лица на натпреварите, аудио-визуелни записи од натпреварите, непосредни сослушувања, како и други докази прибавени во текот на постапката.

Во случај на прекршување на анти-допинг правилата , доказите за спречување на изрекување или изрекување на поблага санкција ги обезбедува лицето против кое е покрената постапката.

## Запирање на постапката

**Член 131**

Кога дисциплинскиот орган ќе утврди дека нема место за покренување на дисциплинска постапка, со одлука ќе ја отфрли поднесената пријава а кога во текот на дисциплинската постапка утврди постоење на околности кои го оневозможуваат натамошното водење на постапката (застареност) ќе ја запре истата со одлука.

На одлуката од дисциплинскиот орган за отфрлање на пријавата, односно запирање на постапката, подносителот на пријавата има право на жалба до Комисија за жалби на ФФМ по одредбите на овој Правилник.

## Трошоци на постапката

**Член 132**

Ако со дисциплинската постапка се сторени трошоци, надлежните дисциплински органи во диспозитивот ќе одлучат кој треба да ги надомести.

За преземање дејствија кои предизвикуваат трошоци во дисциплинската постапка надлежниот дисциплински орган претходно е должен да донесе соодветна одлука.

Ако клубот, или членовите против кои е водена постапка се ослободени од дисциплинска одговорност, трошоците на постапката тогаш се на товар на раководството чиј орган ја донел одлуката.

Ако клубот или членот на клубот против кои е водена постапката се казнети, трошоците се на товар на клубот.

Во оправдани случаи, ако трошоците на дисциплинската постапка се предизвикани по вина на клубот, надлежниот дисциплински орган може да одлучи трошоците да бидат на товар на тој клуб.

## Суспензија

**Член 133**

Суспензијата може да биде:

а) автоматска и

б) врз основа на одлука од дисциплински орган.

### Член 134

Автоматската суспензија настапува кога играчот е исклучен од игра на јавен натпревар, освен во меѓународни натпревари кои се играат во рамките на натпреварувањата на ФИФА и УЕФА и други меѓународни организации. За тие исклучувања важат прописите на тие организации.

Автоматска суспензија настапува и кога е исклучено службено лице на клуб на јавен натпревар освен во меѓународни натпревари кои се играат во рамките на натпреварувањата на ФИФА и УЕФА и други меѓународни организации. За тие исклучувања важат прописите на тие организации.

Автоматската суспензија настаната со исклучување на играч или службено лице на клуб на првенствен или куп натпревар во траење по одредбите на овој правилник не важи за пријателските натпревари.

Автоматска суспензија е со траење од еден месец а со исклучок може да се продолжи најдолго уште еден месец и тоа со одлука на дисциплинскиот орган доколку случајот е комплициран а не можело благовремено да се иследи а при тоа постојат услови за построго казнување.

Дисциплинскиот орган може да донесе одлука за симнување на автоматската суспензија доколку најде дека нема потреба од истата за сторениот прекршок.

На првенствените турнири оваа одлука може да ја донесе турнирската комисија со тоа што истата е должна целиот иследен материјал да го достави до надлежниот дисциплински орган кој ќе одлучи дали против играчот ќе покрене дисциплинска постапка.

Играчот кој е на издржување на казна затвор во воспитно-поправен дом е под автоматска суспензија за цело време на траење на казната.

### Член 135

Ако субјект на дисциплинска одговорност, во даден рок на барање од надлежен орган не плати одредена парична казна или обврска према фудбалска организација настаната во врска со спортските односи, ќе му биде изречена суспензија врз основа на одредбите на дисциплинскиот Правилник, а против него ќе се поведе дисциплинска постапка.

Суспензијата почнува да тече од денот на истекот на дадениот рок за плаќање на паричната казна, а истата се симнува :

а) со одлука од дисциплинскиот орган штом се утврди дека престанала причината за суспензија,

б) автоматски по извршената уплата на казната односно доспеаната рата, согласно на роковите утврдени во актите на ФФМ.

Кога предмет на суспензија е клуб, клубот е должен веднаш да го извести надлежниот орган за натпреварување за исполнетата обврската (да достави доказ за извршената уплата).

### Член 136

Суспензија врз основа на одлука од дисциплински орган може да се изрече на играчи, клубови, функционери, фудбалски работници, судии и тренери во сите случаи кога за сторен прекршок е предвидено потешка казна, или постојат основани сомневања

дека е сторен таков прекршок.

Суспензијата од став 1 започнува да тече по истекот од 48 часа од приемот на одлуката, (службеното соопштение) и трае еден месец односно до одлуката од надлежниот орган доколку е донесена во тој рок.

Доколку иследувањето не е извршено во рок од еден месец суспензијата може да се продолжи уште за еден месец со одлука на дисциплинскиот орган.

Времето поминато под суспензија се смета во казната.

**Член 137**

Изречената суспензија поради недоаѓање на сослушување престанува штом повиканиот ќе дојде на сослушување.

Ако сторителот на прекршокот и по вториот повик не дојде на сослушување а од тој повик поминат 3 дена, надлежниот дисциплински орган ќе изрече казна врз основа на материјалот со кој располага.

## Одлука на дисциплинските органи

**Член 138**

Секоја одлука за изречена казна се објавува во службено информативно гласило на членката чиј орган ја изрекол казната. Одлуката за казна мора да содржи назнака од кога почнува казната да тече.

Одлуката мора да содржи воведен дел, изрека, образложение и правна поука и во истата мора да биде наведен описот и видот на прекршокот како и изречената дисциплинска казна.

**Член 139**

Надлежниот дисциплински орган е должен секоја изречена казна на играч, службено лице на клуб да ја достави, односно соопшти на клубот на еден од начините предвидени во член 140, најдоцна 48 часа од изрекување на казната. Клубот е обврзан да го извести својот играч за изречената казна, односно да му ја врачи одлуката во рок од 3 дена по добивањето.

Одлуката за казната мора да му биде соопштена на клубот најдоцна 48 часа пред одигрување на првиот натпревар кој е пресметан во казната.

Во случај кога надлежниот дисциплински орган одржува седница надвор од редовниот термин предвиден во член 116 од овој Правилник рокот предвиден во став 2 може да биде пократок од 48 часа.

Казната тече од денот назначен во одлуката.

Ако казнетиот играч бил под суспензија, казната тече од денот на соопштување на суспензијата на клубот, односно од денот кога настапила автоматската суспензија.

Првостепениот дисциплински орган е должен по службена должност да го следи извршувањето на казната.

## Доставување на писмена

**Член 140**

Доставувањето на писменото (покана, решение, одлука, заклучок и други службени списи) може да се врши на следниве начини:

- Со предавање од страна на органот

- По пошта
- По електронска пошта
- Телеграма, телефакс
- Со објава во Макфудбал

Доставувањето по правило се врши со предавање на писменото на лицето кому е наменето од седиштето на членката, односно ФФМ. Доставувањето со предавање се врши секој работен ден од 08.30 до 16.00 часот.

Кога доставувањето се врши по пошта, за уредна ќе се смета онаа пратка за која постои доказ за препорачана достава.

За писмената од кои произлегуваат остварување на права во одреден рок или превземање на дејствија, за уредна достава ќе се смета онаа за која постои доказ за уредно доставување (повратница).

Доставувањето по електронска пошта се смета за уредно доколку засегнатата страна благовремено доставила до органот податоци за електронската пошта со што се согласила на достава по електронски пат.

Со телеграма се доставуваат покани и соопштенија, доколку соопштението се доставува со телефакс истото треба да се проследи и по пошта.

Доколку засегнатата страна го нема примено писменото на останатите предвидени начини, роковите за жалба течат од денот на објава во Макфудбал.

Еднаш воспоставена уредна достава, ги обврзува странките тие самите во натамошниот тек на постапката да се грижат за непречен и ефикасен тек на постапката.

При сослушување на странките органот е должен да прибави податоци за адреса на живеење и електронска адреса за понатамошна комуникација.

Доставувањето на писмена на адреса, прибавена согласно претходниот став ќе се смета за уредна достава.

## Постапка по жалба

### Член 141

Против одлука за прекршок незадоволната страна има право да изјави жалба до второстепен орган.

Жалбата се поднесува во рок од 3 (три) дена од денот на доставувањето на одлуката.

Жалбата се поднесува писмено до Комисијата жалби преку дисциплинскиот орган од прв степен кој во рок од три дена целиот предмет го доставува до Комисијата за жалби.

Во постапката по жалба првостепениот орган ќе утврди дали жалбата е формално уредна и прописно таксирана, дали е благовремена, изјавена од овластено лице и допуштена.

Неблаговремените, недопуштените и жалбите изјавени од неовластени лица ќе се одбијат со Решение.

Нетаксираните и неуредните жалби се враќаат на жалителот за дополнување, корекција или плаќање на пропишаната такса и при тоа надлежниот орган определува рок во кој жалителот треба да ги отстрани недостатоците.

Ако во дадениот рок недостатоците не се остранат, жалбениот поднесок се отфрла со решение.

Против решението за отфрлање на неблаговремената и недопуштената жалба жалителот има право на жалба до надлежниот второстепен орган во рок од 3 (три) дена од приемот на решението.

Благовремената жалба првостепениот орган е должен без одлагање да ја достави до надлежниот второстепен орган.

Жалба против одлуката за суспензија не е дозволена.

**Член 142**

Ако органот што донел решение за прекршокот, по добивање на жалбата утврди дека спроведената постапка не била потполна, а тоа можело да влијае на решавањето на предметот, тој постапката ќе ја надополни пред доставување на жалбата на второстепениот орган.

Ако органот кој ја донел одлуката за прекршокот во целина го уважи барањето изнесено во жалбата, тој може да ја промени својата одлука.

**Член 143**

Жалба можат да поднесат:

а) субјектите на кои им е изречена казна

б) подносителот на извештајот или пријавата

г) фудбалската организација чиј член е казнет.

Во име на фудбалската организација жалба може да поднесе единствено овластеното лице на таа организација.

**Член 144**

Жалбата на одлука за казна не го задржува спроведувањето на забраната на настап, односно вршење на функција, должност во фудбалската организација.

**Член 145**

Решавајќи по жалбата второстепениот орган може решението за дисциплинскиот прекршок да го:

- потврди
- преиначи или
- укине

Второстепениот орган ќе ја укине одлуката за дисциплинскиот прекршок кога ќе утврди дека ја донел ненадлежен дисциплински орган и предметот ќе го предаде на надлежен дисциплински орган.

Поради поднесувањето на жалба второстепениот орган може непосредно или замолително преку друг орган да изврши дополнување на постапката.

Второстепениот орган кога ќе утврди дека е потребно дополнување на постапката или спроведување на нова постапка, ќе ја укине одлуката на првостепениот орган и ќе му го врати предметот на повторно разгледување и одлучување.

Првостепениот дисциплински орган кому му е вратен предметот, должен е да ги спроведе потребните дејствија за дополнување на постапката.

По жалбата, на казнетиот не може да му се изрече повисока казна.

Во жалбата не можат да се изнесуваат нови факти ниту да се предлагаат нови докази, кои не биле изнесени, односно предложени во постапката водена во прв степен.

Второстепениот орган не може да ги оценува предложените докази и изнесени факти во жалбата, доколку истите не биле наведени во првостепената постапка.

Второстепената дисциплинска постапка мора да биде завршена во рок од три

месеци, а со пропозициите на натпревари може да бидат утврдени и пократки рокови.

Ако второстепената постапка не заврши во рокот од претходниот став се смета дека жалбата не е усвоена, односно дека одлуката од првостепениот дисциплински орган станала правосилна.

## ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

### Повторување на постапка

#### Член 146

Повторување на постапката е дозволено ако

- се докаже дека правосилната одлука е заснована на лажни документи,
- постојат нови факти и нови докази кои би биле од значење за одлуката, а кои сторителот на прекршокот порано не ги знаел.

#### Член 147

Предлог за повторување на постапка може да поднесат сите лица и органи од член 143 од овој Правилник, како и дисциплинските органи кои ја донеле одлуката.

#### Член 148

Предлогот за повторување на постапката се поднесува до Дисциплинскиот инспектор на ФФМ.

Дисциплинскиот инспектор е должен во рок не подолг од 5 дена да изготви мислење во однос на барањето за повторување на постапката и да го достави до Управниот одбор на фудбалската организација чие дисциплинско тело ја водело постапката.

Управниот одбор по добивање на мислењето од став 2, одлучува за барањето за повторување на постапката во рок не подолг од 10 дена.

Доколку Управниот одбор од став 3 го одбие барањето за повторување на постапката, или не одлучува по истото во предвидениот рок од став 3, подносителот на барањето е должен за тоа да го извести дисциплинскиот инспектор на ФФМ кој целиот предмет ќе го достави на одлучување до Управниот одбор на ФФМ.

Предметот за повторување на постапката може да се поднесе во рок од 6 (шест) месеци од правосилност на одлуката.

Барањето за повторување на постапката, како и повторувањето на постапката не го одложува извршувањето на одлуката за казна.

По барање за повторување на постапка која ја водел надлежен орган на ФФМ, одлуката на Управниот одбор на ФФМ за усвојување или одбивање на барањето за повторување постапка е конечна.

### Вонредно ублажување на казната

#### Член 149

Лицето казнето за направен прекршок може да поднесе барање за вонредно ублажување на изречена казна во следниве случаи:

- кога е несомнено дека изречената казна ја остварила воспитната и спортската етичка цел, а од правосилноста на одлуката е помината половина од временската казна;
- кога се појавиле нови околности настанати по правосилноста на одлуката или околности кои постоеле во времето на изрекувањето на казната за кои дисциплинскиот орган не знаел, а доколку истите би ги имал во предвид при одмерувањето на казната, би влијаеле на видот и висината на казната или би довеле до ослободување од одговорност.

За сите дисциплински одлуки изречени од страна на дисциплински орган на ФФМ објавени во "Макфудбал", надлежен орган за вонредно ублажување на дисциплинската одлука е Собранието на ФФМ.

За сите дисциплински одлуки изречени во пониските рангови на натпреварување, надлежен орган за вонредно ублажување на дисциплинската одлука е највисокиот орган во соодветниот степен на натпреварување.

За одлуките изречени во пониските рангови на натпреварување, а кои подлежат на потврдување од надлежен орган на ФФМ, објавени во "Макфудбал", надлежен орган за вонредно ублажување на дисциплинската одлука е Собранието на ФФМ.

Во случај да барањето за вонредно ублажување на казна биде одбиено, барателот може да поднесе ново барање во наредната натпреварувачка година.

Молба за вонредно ублажување на казна се доставува најдоцна петнаесет дена пред одржувањето на Собранието.

## Заштита на правилникот

### Член 150

Против конечните одлуки на дисциплинските тела на фудбалските организации, засегнатите страни може да поднесат предлог за поведување на постапка за заштита на законитост до Комисијата за статут и правилници на ФФМ.

Комисијата за статут и правилници на ФФМ поведува постапка за заштита на ДП кога станува збор за одлуки што ги донеле надлежните дисциплински органи на членките на ФФМ и органите на ФФМ.

Предлог за поведување на постапка на заштита на ДП се поднесува во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката, во случај кога незадоволната страна смета дека донесената одлука не е во согласност со одредбите и утврдената постапка во овој Правилник.

Предлогот се поднесува писмено преку органот кој ја донел конечната одлука.

Органот од претходниот став е должен предлогот со документацијата од постапката, заедно со своето мислење за наводите во предлогот во рок од 3 дена да го достави до Комисијата за статут и правилници.

Комисијата за статут и правилници одлучува по предлозите за поведување постапка за заштита на законитост поднесени против одлуки на дисциплински тела на членките на ФФМ.

Управниот одбор на ФФМ одлучува по предлозите за поведување постапка за заштита на законитост поднесени против одлуки на дисциплинските тела на ФФМ, по добиена предлог одлука од Комисијата за статут и правилници.

## V.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 151**

Барањата за толкување на овој Правилник се поднесуваат преку правната служба на ФФМ до Управниот одбор на ФФМ, кој е овластен да дава толкување на одредбите од овој Правилник.

**Член 152**

Пречистениот текст на овој Правилник ги опфаќа измените и дополнувањата усвоени на: седница на Собранието на ФФМ на 30.04.2011; седница на Собранието одржано на 29 јуни 2013 година и седница на Собранието одржано на 22.03.2014 година,

Претседател
Илчо Ѓоргиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
ФФМ
СКОПЈЕ

**СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"**
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
*Булевар "АСНОМ" 6б*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
*300000001599760-Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број: 4030992177382*
*ТЕЛЕФОНИ: 02/3166-943, ТЕЛЕФАКС: 02/3165-448*

**РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"**